Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 116 и 168 од Законот за заштитата на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/2014, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/2019, 275/2019 и 311/2020), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИН

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за згрижување и воспитно образовната работа на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид за учебната 2024/2025 година, донесена со Одлука на Управниот одбор бр.02-191/2 од 19.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на работното време на вработените во јавната општинска установа за деца - детска градинка „Јасна Ристеска“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/173** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 67 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/2014, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/2019, 275/2019 и 311/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на работното време на вработените во Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Јасна Ристеска“ - Охрид, донесена од Управниот одбор бр.02-191/3 од 19.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАБОТА НА ГРУПИ СО ПОГОЛЕМ, ОДНОСНО ПОМАЛ БРОЈ ДЕЦА ОД ЗАКОНСКИ УТВРДЕНИОТ БРОЈ ВО ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“- ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за работа на групи со поголем, односно помал број деца од законски утврдениот број во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“- Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/174**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/2014, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/2019, 275/2019 и 311/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАБОТА НА ГРУПИ СО ПОГОЛЕМ, ОДНОСНО ПОМАЛ БРОЈ ДЕЦА ОД ЗАКОНСКИ УТВРДЕНИОТ БРОЈ ВО ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“- ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за работа на групи со поголем, односно помал број деца од законски утврдениот број во ЈОУДГ„Јасна Ристеска“- Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“- Охрид бр.02-191/4 од 19.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/46**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06. 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работата на ЈП„Билјанини Извори“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06. 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/175** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06. 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на ЈП„Билјанини извори“- Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1150/2 од 15.08.2024 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1149/2 од 15.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП „ВОДОВОД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работата на ЈП „Водовод“ Охрид за периодот од 01.04. - 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/176** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП „ВОДОВОД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2024 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на ЈП „Водовод“ Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2023 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1750/3 од 01.08.2024 година и Мислење на Надзорниот Одбор бр.02-1748/4 од 01.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/48** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/177** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-806/3 од 15.08.2024 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-801/3 од 14.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/49** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/178** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-337/3 од 30.07.2024 година и Заклучок на Надзорниот Одбор бр.02-336/3 од 30.07.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/50**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/179**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-858/3 од 01.08.2024 година и мислење на Надзорниот одбор бр.02-857/3 од 01.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/180** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето и остварените резултати на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2024 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-1178/4 од 20.08.2024 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1177/4 од 20.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/52**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНЕТ ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за изменет годишен план за вработување за 2024 година на ЈП Градски Пазар - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/181**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНЕТ ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменет Годишен план за вработување за 2024 година на ЈП Градски Пазар Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски Пазар Охрид бр.02-351/4 од 15.08.2024 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-350/4 од 15.08.2024 година.

.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/53**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/182**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/2022 и 274/22), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН**
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“- ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен план за вработување на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2025 година, донесен со Одлука од Управниот одбор на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид бр.02-921/5 од 22.08.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/54** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН**
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/183** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/2022 и 274/22), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН**
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“- ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен план за вработување на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за 2025 година, донесен со Одлука од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид бр.02-1178/6 од 20.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/55** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН**
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЈП „Водовод“ - Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/184** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/2022 и 274/22), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ВОДОВОД“- ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен план за вработување на ЈП„Водовод “ - Охрид за 2025 година, донесен со Одлука од Управниот одбор на ЈП„Водовод“ - Охрид бр.02-1865/3 од 15.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/56**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/185**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/2022 и 274/22), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН**
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“- ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен план за вработување на ЈП„Градски Гробишта“ - Охрид за 2025 година, донесен со Одлука од Управниот одбор на ЈП„Градски Гробишта“ - Охрид бр.02-806/4 од 15.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/57** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН**
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ - ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЈП „Градски пазар“ - Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/186** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/2022 и 274/22), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен план за вработување на ЈП Градски Пазар Охрид за 2025 година, донесен со Одлука од Управниот одбор на ЈП Градски Пазар Охрид бр.02-351/3 од 15.08.2024 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-350/3 од 15.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/58**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/187**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/2022 и 274/22), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен план за вработување на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид за 2025 година, донесен со Одлука од Управниот одбор на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид бр.02-1150/5 од 15.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/59**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на годишниот план за вработување на општина Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/188**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/18, 275/19 и 14/20), член 20-а и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот План за вработување на општина Охрид за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/60**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/189**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид” бр.8/07, 1/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 ,199/14 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид, видовите на организациони единици, условите за нивно образување и раководење со нив.

**Член 2**

(1) Општинската администрација на Општина Охрид ( во натамошниот текст: општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и Градоначалникот.

(2) Општинската администрација:

- ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- го води сметководството на Општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање ;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Северна Македонија и
- врши и други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот.

(3) Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на Општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на Општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

**Член 3**

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**Член 4**

(1) Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на Општината, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

(2) Одделение се образува заради непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски,стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

(3) Територијална противпожарна единица на Општината се образува заради вршење на со закон утврдените работи од областа на заштита од пожари.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТАЦИЈА

**Член 5**

(1) Општинската администрација се организира во следните сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**1. Сектор за правни работи;**

- Одделение за правни работи;
- Одделение за поддршка на Советот

**2. Сектор за општи работи;**

- Одделение за информатичка технологија и административно техничка поддршка
- Одделение за заштита, спасување и управување со кризи

3. **Сектор за финансиски прашања**,

- Одделение за буџетска координација;
- Одделение за буџетска контрола;
- Одделение за сметководство и плаќања;

**4. Сектор за даноци и комунални такси;**

- Оделение за утврдување и наплата на данок на имот, данок на промет и данок на наследство и подарок;
- Одделение за прием, издавање,заверка на документи за даноци на имот, проценка на недвижен имот, присилна наплата и сметководство;
- Одделение за комунални такси;

**5. Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште;**

- Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината;
- Одделение за спроведување на урбанистички планови;

**6. Сектор за заштита на животната средина и управување со отпад;**

- Одделение за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови на природата;
- Одделение за управување со отпад и регионални депонии;

**7. Сектор за комунални дејности и сообраќај;**

- Одделение за комунални дејности;
- Одделение за сообраќај;

**8. Сектор за јавни дејности;**

- Одделение за поддршка на процесите на образованието;
- Одделение за инвестиции во образованието, градинки и следење на реализацијата на капиталните програми;

- Одделение за детска, здравствена и социјална заштита;
- Одделение за култура
- Одделение за спорт, млади и невладини организации;

**9. Сектор за туризам и локален економски развој;**
- Одделение за туризам;
- Одделение за локален економски развој;

**10. Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО;**
- Одделение за меѓународна соработка
- Одделение за соработка со УНЕСКО;

**11. Сектор за поддршка на Градоначалникот;**
- Одделение за протокол;
- Оделение за односи со јавност;

**12. Одделение за управување со човечки ресурси;**
**13. Одделение за јавни набавки;**
**14. Одделение за внатрешна ревизија;**
**15. Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат;**
**16. Територијална противпожарна единица на Општината.**

(2) Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ на организацијата на општинската администрација на Општината (органограм).

**Член 6**

**(1) Секторот за правни работи** ги врши работите што се однесуваат на: подготвувањето на актите за Советот и Градоначалникот, подготвувањето на седници на Советот и на неговите комисии и вршење стручни работи за Советот; ракување и чување на документите на Општината до нивно предавање на Државниот архив на РМ; спроведување на постапката за експропријација на недвижности; следење на прописите и нивните измени и дополнувања; давање мислење на актите од аспект на нивната законитост; застапување на општина пред домашните судови; изготвување на договори.

**(1.1) Одделението за правни работи и** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување на нормативните како и поединечните акти од надлежност на советот и градоначалникот;
- давање на мислења за усогласеноста на општите акти со законите и со другите прописи;
- вршење на работите во врска со постапката за експропријација на недвижности;
- вршење на работите што се однесуваат на канцеларискоto и архивското работење;
- изготвување на договори;
- застапување на општината пред домашните судови;
- организирање на активностите на облиците на месна самоуправа;

**(1.2) Одделението за поддршка на Советот и** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување на програмата за работа на Советот;
- подготвување седници на Советот и неговите комисии;
- изготвување записници од работата на Советот и неговите комисии;
- вршење на работите што се однесуваат на организирање средби и патувања за членовите на советот;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**Член 7**

**(2) Секторот за општи работи** врши работи што ќе му бидат доверени , утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи; одржување на возниот парк на општината; преведување и лекторирање за потребите на Градоначалникот и општинската администрација, одржувањето на објектите, опремата и инвентарот; информатичко-комуникациската технологија, развојот на информатичката технологија за потребите на Општината,заштита при работа и унапредување на заштитата при работа и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(2.1) Одделението за информатичка технологија и административно техничка поддршка** ги врши работите што се однесуваат на:

- предлагање и реализира на стратегија за воведување информациски систем во општината;
- организирање, одржување и унапредување на информацискиот систем на општината;
- предлагање и реализирање на стратегија за безбедност на информациите во информацискиот систем на општината;
- организирање на обуката за вработените во општинската администрација за примена на информациско-комуникациската технологија;
- предлагање информациски проекти што би учествувале на конкурси на домашни и на странски донатори;
- следење на искуствата и напредокот на информациските технологии и ги применува во општинскиот информациски систем;
- развивање на информатичката технологија преку изработка на бази на податоци за потребите на општината, конфигурирање, контрола, одржување и дополнување на хардверски и софтверски подсистеми;
- работите поврзани со возниот парк;
- работите поврзани со одржувањето на чистотата во работните простории и општинското дворно место;
- одржување на објектите, опремата и инвентарот;
- работи на преведување, лекторирање и обезбедување устен, писмен и симултан превод за потребите на градоначалникот и општинската администрација;
- печатење и фотокопирање на материјали;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(2.2) Одделение за заштита, спасување и управување со кризи** ги врши работите што се однесуваат на:

- безбедноста при работа согласно Законот за безбедност и здравје при работа;
- заштита при работа и унапредување на заштитата при работа;
- евиденција за претходни и периодични здравствени прегледи на вработените;
- евиденција за спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места;

- подготвува планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на општината;

- изготвување на проценка на загрозеност, ризиците и опасностите на локално ниво;

- изготвување на предлогот за висината на средствата од буџетот на општината потребни за заштита и спасување и надомест на штета од природни непогоди и други несреќи;

- следење на состојбата во врска со реализацијата на одлуките на Советот на општината од областа на заштитата, спасувањето и одбраната;

- спроведување на подготовката на силите за заштита и спасување кои ги формирала општината;

- учество во работата на општинскиот штаб за заштита и спасување;

- учество во подготовка на годишната акциона програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки како да се реализира националната стратегија за заштита и спасување;

- учество во подготвување на планот за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи на подрачјето на Општината и пред да биде донесен од Советот на Општината, го доставува на мислење до Дирекцијата за заштита и спасување;

- утврдување на обврските и во координирање на активностите на јавните претпријатија установи и служби основани од општина Охрид заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 8**

**(3) Секторот за финансиски прашања** ги врши работите што се однесуваат на:

следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално - финансиското работење, управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на Општината утврдени со буџетот, подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот за Општината, подготовка на стратешкиот план на Општината , измена и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Општината, контрола на подготовката и извршувањето на буџетот, спроведува ex-ante и ex-post финансиска контрола, изготвувањето на финансиски план за извршувањето на буџетот (месечен, квартален и годишен) за Општината и единките корисници на Општината,следењето на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на Општината, сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка, подготовка на Годишен финансиски извештај, благајничко работење, подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација , пресметувањето и исплатата на платите на вработените во Општината и врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.1) Одделението за буџетска координација** ги врши работите што се однесуваат на:

- координирање на процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Општината;

- координирање на процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;
- давање предлози за воспоставување/укинување на ex ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското управување и контрола;
- задолжително дава мислења по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во Општината и предлог актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на Општината;
- изготвување план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува градоначалникот;
- следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;
- подготовка на извештај за реализирани програми, проекти и договори;
- подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;
- вршење на самопроценки на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола;
- Подготовка на Годишниот финансиски извештај од член (47) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.2) Одделението за буџетска контрола** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење контрола на извршувањето на буџетот;
- вршење контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на финансиското управување и контрола);
- следење на реализацијата на договорите за јавните набавки и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола;
- вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и друго и нивна усогласеност со договорот за јавни набавки;)
- изготвување информации и извештаи за извршувањето на буџетот;
- следење и применување на законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства) од областа на финансиското управување и контрола;
- вршење контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврските и
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(3.3) Одделението за сметководство и плаќања** ги врши работите што се однесуваат на:

- спроведување на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финансискиот план и подготвувањето на годишна сметка (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи);
- вршење на сметководствено евидентирање на основните средства на Општината, евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски;

- вршење на буџетското и финансиското известување;
- заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба;
- изготвување годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на Општината и неговите единки корисници согласно законските прописи;
- вршење ex ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за сметководствените процеси;
- следење и применување на законската регулатива од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење;
- вршење секојдневно водење на благајнички работи и трезор;
- вршење пресметка и исплата на платите на вработените и
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 9**

**(4) Секторот за даноци и комунални такси** ги врши работите што се однесуваат на:

облог на обврзниците со даноци кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината; следење на наплатата на даноците; подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на даноците; грижа за извршување и присилна наплата на даноците; вршење на работите што се однесуваат на облог на обврзниците со комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината; следење на наплатата на комуналните такси; подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси; грижа за извршување и присилна наплата на комуналните такси и врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(4.1) Одделението за утврдување и наплата на данок на имот, данок на промет и данок на наследство и подарок** ги врши работите што се однесуваат на:

- навремено спроведување на работите кои се однесуваат на утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности и данокот на наследство и подарок
- утврдување на данокот на промет на недвижности (задолжување или ослободување) правилно и во законски уутврдените рокови;
- изготвување на решенија во законски утврдените рокови;
-изготвување извештај за даночните обврзници на недвижниот имот каде како нарачател се јавува општина Охрид;
-остварување контакти со даночните обврзници за проблематика поврзана со данокот на промет на недвижен имот.
- вршење контрола на пријавите;
- водење книга за евиденција на даночните пријави;
- издавање уверенија за платени даноци;
- следење на уплатите од даночните обврзници и подготвување податоци за изготвување извештаи за реализацијата на даночните обврски;
- примање на барањата за одлагање на плаќањата и за обезбедување на даночен долг;
- изготвување решенија со утврдена вредност на данокот на имот;
- утврдување на данокот на наследство и подарок
- ( задолжување или ослободување) правилно и во законски утврдените рокови;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**(4.2) Одделението за прием, издавање, заверка на документи за даноци на имот, проценка на недвижен имот, присилна наплата и сметководство** ги врши работите што се однесуваат на:

- изготвување решенија за присилна наплата на даноците;
- решава по жалби на даночните обврзници;
- водење и ажурирање на евиденцијата на даночните обврзници;
- следење на наплатата на даноците и подготвување опомени за плаќање на даночен долг;
- изготвување предлози за извршување и доставување до надлежните органи и институции;
- подготвување документација потребна за спроведување на јавно наддавање;
- изготвување анализи, извештаи и информации за бројот на даночните обврзници, доставените решенија и остварените обврски по овие основи;
- изготвување стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;
- процена на пазарната вредност на недвижниот имот за пресметување на данок на имот во законски утврдените рокови;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**(4.3) Одделението за комунални такси** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење на работите што се однесуваат на обврзниците со комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината;
- следење на наплатата на комуналните такси;
- подготвување извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси;
- грижа за извршување и присилна наплата на комуналните такси;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 10**

**(5) Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште** ги врши работите што се однесуваат на: урбанистичко планирање на просторот, издавање на услови и одобренија за градба на објекти од локално значење утврдени со закон; управување со градежното земјиште кое се наоѓа на подрачјето на општина Охрид; следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите; грижа за недвижниот имот сопственост на Општината и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(5.1) Одделението за просторно, урбанистичко планирање и управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината** ги врши работите што се однесуваат на:

- просторно и урбанистичко планирање на просторот во општината;
- покренување иницијатива и предлози за донесување, изменување и дополнување на генерални и детални урбанистички планови;

- подготвување на годишна програма за урбанистичко планирање на просторот;
- следење на спроведувањето на урбанистичките планови;
-подготвување анализи и информации за состојбите во урбанистичкото планирање;
- подготвување програма за управување со градежно земјиште кое се наоѓа на подрачјето на општина Охрид;
- водење постапка за регулирање на градежното земјиште и начинот на неговото управување;
- подготвување договори и целокупна документација пшотребна за спроведување на постапката за отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп и со непосредна спогодба на градежното земјиште се наоѓа на подрачјето на општина Охрид;
- водење грижа и евиденција за недвижниот имот на општината и управува со недвижниот имот на општината.
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(5.2) Одделението за спроведување на урбанистички планови** ги врши работите што се однесуваат на:
- издавање на изводите од урбанистичките планови;
- издавање на одобренијата за градба на објекти;
- врши одобрување на техничката документација;
- издавање одобренијата за употреба на објекти;
- вршење увид во реализација на планската документација и поведува иницијатива за измена и дополнување на истата;
- изготвување анализи, информации и дава предлози за промена на законската регулатива за спроведување на урбанистичките планови;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 11**

**(6) Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад** ги врши работите што се однесуваат на: издавање на дозволи и елаборати за животна средина од локално значење утврдени со закон, заштита на животната средина и приордата и преземање мерки за заштита и спречување на загадување на водата, воздухот и почвата, следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите, и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(6.1) Одделението за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови од природата** ги врши работите што се однесуваат на:
- подготвување анализи и информации за состојбите со животната средина;
- водење постапка за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи;
- водење постапка за одобрување на елаборати за оценка на влијанието врз животната средина;
- спроведување постапка за влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина;
- изготвување и спроведување на годишната програма за животна средина и природа;

- подготвување анализи и информации за состојбите со животната средина и природата;
- предлагање мерки за заштита на животната средина и природата;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(6.2) Одделението за управување со отпад и регионални депонии** ги врши работите што се однесуваат на:
- предлагање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата;
- врши изготвување и спроведување на стратешки, плански и програмски документи за управување со отпад;
- врши подготовка на проекти и други активности за реализација на регионален план, како и други проекти од интерес за развој на регионалниот систем;
- вршење мониторинг над обемот и квалитетот на извршените услуги во рамките на регионалниот систем;
- вршење организирање на информативен систем за животна средина на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентација на податоци за општата состојба во врска со управувањето со неопасен отпад;
- вршење подготовка на проекти и следење на проектната имплементација;
- вршење мониторинг на животната средина и природата;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 12**

**(7) Секторот за комунални дејности и сообраќај инфраструктура** ги врши работите што се однесуваат на: уредувањето на градежното земјиште; изградба, реконструкција и одржување на улиците и други инфраструктурни објекти од значење и надлежност на Општината; изградба и одржување на мрежи за јавно осветлување; изградба и одржување на паркови и зеленила; уредување и организирање општинскиот линиски превоз на патници и такси превозот на патници; организирање на режимот на сообраќај; изградба и одржување на сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на стационарниот сообраќај; организирање и регулирање на користењето на јавните површини; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта; определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти; следење на состојбата во областите и предлагање на мерки и активности за подобрување на истите и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(7.1) Одделение за комунални дејности** ги врши работите што се однесуваат на:
- вршење на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште и изготвува годишна програмата за уредување на градежно земјиште;
- изготвување годишна програма за изградба и одржување на објекти од електроенергетска инфраструктура и нисконапонска мрежа;
- изготвување развојни и годишни програми за водоснабдување;
- изготвување развојни и годишни програми за канализациони мрежи и атмосферски мрежи;
- изготвување програма за користење и одржување на речните корита во урбаните зони од општината;

- подготвување на листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
- изготвување и обезбедување техничка документација за сите погоре наведени активности;
- издавање дозвола за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас;
- давање квартални и годишни извештаи за реализацијата на програмите од одделението;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(7.2) Одделението за сообраќај** ги врши работите што се однесуваат на:
- уредување на динамичкиот и стационарниот режим на сообраќај;
- организирање на општинскиот линиски превоз на патници;
- организирање на такси-превозот на патници;
- изготвување развојна и годишна програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици;
- изготвување годишна програма за одржување на локалните патишта и улици;
- изготвување годишна програма за изградба и одржување на мрежи за јавно осветлување;
- изготвување годишна програма за изградба и одржување на јавни паркови и зеленила;
- изготвува годишна програма за јавна чистота;
- изготвување на програма за изградба и одржување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација;
- подготвување на програма за зимско одржување на локалните патишта и улици;
- давање квартални и годишни извештаи за реализација на сите програми во надлежност на одделението;
- вршење стручен надзор врз реализацијата на сите донесени програми од страна на Советот на Општина Охрид а се однесуваат на одделението;
- издавање лиценци за општински линиски превоз на патници и такси превоз на патници, дозволи за посебен линиски превоз и води регистар за истите;
- издавање одобренија за превоз на патници и стока во внатрешната пловидба;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 13**

**(8) Секторот за јавни дејности** ги врши работите што се однесуваат на: следење на состојбата во областите на образованието; следење и поттикнување на активностите поврзани со образовниот систем; следење на прописите од овие области и предлагање мерки и активности што треба да ги превземат Советот и Градоначалникот; следење на состојбите во спортот во рамките на надлежностите кои општината задолжително ќе ги извршува; следење и поттикнување на активностите на здруженијата на граѓани и фондации чија активност е од интерес на општината; подготвување програма за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и други културни вредности;подготвување програма за организирање културни манифестации; подготвување програма за поттикнување на разновидни специфични форми на творештво; и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.1) Одделение за поддршка на процесите на образованието** ги врши работите што се однесуваат на:

- изготвување анализи, информации и извештаи за работите и состојбите во средното образование во Општина Охрид;
- подготвување предлог за усвојување на годишната програма за работа и извештајот за реализација на годишната програма на јавните средни училишта и на ученичките домови;
- прибирање податоци и правење анализи на предлозите на уличиштата за запишување ученици во прва година средно образование;
- подготвување предлог за запишување ученици во јавните средни училишта и за запишување и прием на ученици во ученичките домови;
- изготвување извештаи за реализација на уписната политика;
- подготвување предлог за формирање паралелки со помал број ученици во јавните средни улилишта
- устројување евиденција за опфатот на децата во средното образование и предлага мерки за подобрување на состојбите;
- следење на состојбите за опфатот на децата со посебни потреби во системот на средното образование;
- подготвување предлог за прекин на воспитно образовната работа во вонредните состојби;
- покренување иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми во постојните јавни средни училишта за задоволување на посебните потреби на Општината во согласност со потребите на пазарот на трудот;
- иницирање активности за воннаставни активности во јавните средни училишта;
- водење регистар на средните училишта и на ученичките домови на подрачјето на општината;
- давање стручно мислење по предлозите за основање јавни средни училишта, ученички домови и установи за образование за возрасни;
- подготвување предлог за покренување постапка за престанување со работа на јавните средни училишта, ученички домови и установи за образование за возрасни;
- предлагање мерки и активности за подршка и помош на иницијативите за модернизација на училиштата и на ученичките домови;
- преземање активности поврзани до доквалификација и преквалификација на возрасни лица;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.2) Одделението за инвестиции во образованието, градинки и следење на реализацијата на капиталните програми:** ги врши работите што се однесуваат на:

- предлагање програми за основање, управување, финансирање и одржување на установи во образовниот систем;
- предлагање преземање мерки за капитални инвестицци и образовните институции;
- овозможување санација, реконструкција и оддржување на образовните институции на подрачјето на Општината;
- предлагање мерки и активности за здравствено воспитување;
- предлага мерки за унапредување на образовниот систем;
- следење на реалните капитални програми;

- соработува со другите Одделенија заради ефективно и ефикасно извршување на работните задачи на Одделението;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.3) Одделението за детска, здраствена и социјална заштита** ги врши работите што се однесуваат на:
- предлагање програми за основање, управување, финансирање и одржување на установи за институционална и вонинституционална социјална заштита;
- овозможување саоцијална и здравствена заштита и заштита на децата на подрачјето на Општината;
- предлагање мерки и активности за здравствено воспитување;
- предлага мерки за унапредување на здравјето и превентивни активности;
- предлагање мерки за вршење надзор над заразните болести;
- предлагање мерки за помош на пациенти со специјални потреби;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.4) Одделението за култура** ги врши работите што се однесуваат на:
- соработување со јавните институции, здруженија и други непрофитни организации кои се однесуваат на реализација на различни културни програми, како и врши анализа на ефективноста на спроведените програми и проекти на овие културни ентитети;
- следење на извршувањето на буџетот, како и на ефектите и оправданоста на индивидуални програми во областа на музиката, театарот, музејската и галериска активност, фолклорот и филмската индустрија, Одделението работи на издавање на препораки и одобренија потребни за извршување на одредени културни програми;
- реновирање на „Календар на настани во Општина Охрид“ на нивните веб-сајтови кои нудат детални информации за видот, времето, местото и организаторите на културни настани во Охрид, кој се ажурира на дневна основа;
- подготвување програма за институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Општина Охрид;
- подготвување програма за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и други културни вредности;
- подготвување програма за организирање културни манифестации;
- подготвување програма за поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
- подготвување програма за одбележување на настани и личности од значење за Општина Охрид со спомен обележја;
- подготвување на одлуката за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележја и другите прописи од надлежност на Советот на Општина Охрид;
- водење на регистарот на спомен обележја и доставува извод од регистарот при секој упис или промена до надлежното министерство;
- иницирање и спроведување на постапката за основање локален музеј и библиотека;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(8.5) Одделението за спорт малди и невладини организации** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување програма за развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните опфатени во програмите на спортските и спортско-рекреативните клубови во реализација на учелишниот и студенскиот спортски систем, спортот за сите и особено особено спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;

- подготвување програма за одржување и изградба на објекти за спорт, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти;

- поготвување на предлогот за утврдување на мрежата на спортските објекти и нивно класифицирање;

- подготвување на предлогот за определување рекреативни зони за масно спортување;

- подготвување програма за подржување на Советот на Спортови на Општината;

- давање стручно мислење за извештајот на Сојузот на Спортови на Општината за изполнување на програмите и роковите утврдени во нив;

- подготвување на предлогот на прописот на категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општината;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

- подобрување на положбата на младите во општеството;

- вмрежување и претставување на младите од Охрид на регионално, национално и меѓународно ниво;

- учество и вклучување во креирањето на младинските политики;

- формирање на работни групи по области и приоритети, за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите;

- организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции;

- учествување, спроведување и реализација на проекти;

- изработување на програми од делокругот на својата област;

- врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 14**

**(9) Секторот за туризам и локален економски развој** ги врши работите што се однесуваат на: промовирање на туристичките вредности на Општината; туристичка и угостителска дејност од мал обем; локалниот економски развој преку изработка на програми и мерки за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво и вршителите на занаетчиска дејност и врши други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(9.1) Оделелението за туризам** ги врши работите што се однесуваат на:

- промовирање на туристичките вредности на општината;

- подготвување на програмите и предлагање мерки за развој на облиците на туристичка и угостителска дејност од мал обем;

- водење на регистарот на вршители на туристичка и угостителска дејност од мал обем;

- давање туристички информации и врши дистрибуција на информативно промотивни материјали;

- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(9.2) Одделението за локален економски развој** ги врши работите што се однесуваат на:

- планирање на локалниот економски развој на Општината;
- предлагање и утврдување на развојните и структурните приоритет на Општината
- подготвување програми и предлагање мерки за поддршка на малите и средните претпријатија, занаетчиството и претприемаштвото на локално ниво.
- воспоставување и развива мрежата на институции и агенции за промовирање на партнерството;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 15**

**(10) Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО** ги врши работите што се однесуваат на: иницирање, координација и реализација на соработката на Општина Охрид со странски, меѓународни донатори, организации и кредитори, предлагање мерки за поддршка и унапредување на активностите за поголема меѓународна соработка, координање во рамки на општинската администрација и учество во реализацијата на проектите кои се финансираат со кредити/заеми од странски или меѓународни финансиски организациии; управување и заштита на природното и културно наследство во охридскиот регион како светско културно и природно наследство, врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(10.1) Одделението за меѓународна соработка** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување годишна и среднорочна програма за соработка со збратимените градови на Општина Охрид;
- во координација со другите сектори во рамки на општинската администрација реализирање на проектите од областа на соработката со збратимените градови на Општина Охрид;
- врз основа на предлозите и иницијативите од другите сектори во рамки на градската администрација, поднесување предлог-проекти за поддршка од меѓународни и странски донатори и субјекти и организирање на учеството на општина Охрид на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти во областите од надлежност на Општина Охрид;
- координирање на работата на проектните тимови за реализација на проектите кои се финансираат од странски и меѓународни донатори и организации и учествува во подготовката на извештаите, евалуациите и друга документација која се поднесува до странските/меѓународни донатори и организации;
- во координација со други сектори во рамки на општинската администрација, иницира, координира и учествува во реализацијата на проектите кои се финансираат со кредити/заеми од странски или меѓународни финансиски организации;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(10.2) Одделението за соработка со УНЕСКО** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување документи и препораки за соработка со Унеско;
- континуирано следење на законските прописи и другите општи акти од областа на културното и природното наследство;
- изработување студии, анализи, елаборати и реализирање проекти одобрени од Националната комисија;
- учество во спроведување на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и Законот за управување со Охридскиот регион како светско културно и природно наследство;
- изготвување информации и други материјали по барање на Националната комисија или Комисијата на Унеско;
- организирање предавања, трибини, работилници и сл. заради запознавање на значењето на светското културно наследство ;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**Член 16**

**(11) Секторот за поддршка на Градоначалникот** ги врши работите што се однесуваат на: организирање на работни и други средби на градоначалникот; координирање на мерки и активности со протоколи на домашни и странски делегации; одржување и развивање на соработка со збратимени и пријателски градови; организирање јавните настапи на градоначалникот во средствата за јавно информирање, конференции, трибини и сл; поготвување на јавни анкети, брошури и други документи по прашања од значење за општината и врши други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(11.1) Одделението за протокол** ги врши работите што се однесуваат на:
- организирање и спроведување на церемонијалите на градоначалникот за време на официјални, свечени и работни посети на официјални лица на Општината;
- вршење координација на активностите со протоколи на државние институции при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината;
- вршење координација на активностите со протоколи на странските држави при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината;
- соработување со лица и служби кои вршат иста или слична дејност од државните институции, странските делегации и невладини организации при договорени активности;
- координирање на активностите при организирање на трибини, советувања и други јавни случувања од значење на Општината;
- координирање на соработката со меѓународни организации чија дејност е од посебна важност за Општината;
- одржување и обновување на контактите со збратимените и пријателски градови и поттикнува соработка и контакти со други градови;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**(11.2) Одделението за односи со јавност** ги врши работите што се однесуваат на:
- организирање на прес-конференциите, брифинзите и интервјуата за медуимите со Градоначалникот и раководителите од администрацијата на Општината;
- подготвување на соопштенијата за јавноста;
- следење на доставувањето на информациите од одделните сектори во општинската администрација, Советот на Општината, јавните претпријатија и другите

јавни установи и служби основани од општината и доставува барања за информации што треба да се пласираат до медиумите до раководителите на секторите во општинската администрација, Советот на Општината, јавните претпријатија и другите јавни установи и служби основани од општината;

- остварување редовна соработка и размена на информации со службите или вработените надлежни за односи со јавноста во јавните претпријатија и јавните установи основани од општината;
- давање писмени одговори на прашањата од новинарите поставени преку отворената линија за новинари;
- анализирање на односот на одделните медиуми кон покривањето на настаните и пласирањето на информациите за работата на општината и предлагање активности и мерки за унапредување на имиџот на општината;
- предлагање мерки и активности за унапредување на транспарентноста на работењето на општината, подготвување или координирање на подготвувањето на одговорите на прашањата на граѓаните доставени преку отворената телефонска линија за граѓаните;
- организирање и дефинирање на информациите за веб-страницата на Општината;
- организирање на спроведувањето на анкети и организирање на јавните трибини при изготвување одделни прописи и стратешки и развојни документи на Општината, како и анкетите за мерење на ставот на граѓаните за определени прашања и проблеми во Општината;
- континуирано следење на законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 17**

**(12) Одделението за управување со човечки ресурси** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и спроведување на законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси;
- подготвување на актот за организација на општинската администација;
- подготвување на правилникот за систематизација на работните места;
- подготвување на годишната програмата за стручно оспособување и усовршување на службениците во општинската администрација;
- предлагање политики за управување со човечките ресурси во органот;
- подготвување на актите врзани со вработувањето во општинската администрација;
- водење на персоналните досиеја на вработените во општинската администрација;
- пополнување и доставување на ДС обрасците до Централниот регистар за државни службеници што го води Министерството за информатичко општество и администрација;
- учество во подготвувањето на годишната програма за обука на државните службеници и вработените во општинската администрација без статус на државни службеници;
- анализирање на потребите за обуки, предлагање на насоки за доусовршување на вработените;
- координирање на процесот на оценување на државните службеници;

- координирање и подготвување на планот за користењето на годишните одмори и изготвување на решенијата за годишни одмори;
- предлагање на мерки за обезбедување на оптимални услови за работа на вработените;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 18**

**(13) Одделението за јавни набавки** и врши следните работи: ги има следните надлежности: примената за законите, подзаконските акти и другите прописи од областа на јавните набавки, следењето и согледувањето на потребите од набавки во општината; изготвување на годишниот план за јавни набавки и водење сметка за неговото спроведување; утврдување на начинот на постапката во зависност од видот и вредноста на набавката согласно Законот за јавните набавки; подготвување предлог за одобрување на потребните набавки; изготвување на техничката докумантација потребна за јавите набавки; следење на работата на комисијата за јавни набавки и давање стручна и техничка помош; изготвување договори за јавните набавки и следење на нивното спроведување; предлагање мерки и активности за спречување на јавни набавки надвор од годишниот план и средствата предвидени со Буџетот на општината; врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 19**

**(14) Одделението за внатрешна ревизија** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење внатешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;
- подготвување план за внатрешна ревизија и по одобрување од Градоначалникот, го обезбедува неговото спроведување и следење;
- доставување извештаи за извршена внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на општината;
- подготвување квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- вршење оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на Градоначаникот за нивно намалување;
- врз основа на анализи од работењето, утврдување и оценување на економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;
- следење и проверување на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските акти и актите на општината;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 20**

**(15) Одделението за инспекциски надзор – Инспекторатот** врши инспекциски надзор во областа на:

- урбанистичкото планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон;
- комуналните дејности од надлежност на Општината во согласност со закон;
- утврдувањето и наплатата на даноците на имот, наплатата на комуналните такси и наплатата на таксата за привремен престој;
- заштита на животната средина и природата, квалитетот на амбиенталниот воздух;
- угостителство-вршители на угостителска дејност од мал обем;
- туристичка дејност- вршители на туристичка дејност од мал обем;
- превоз на патници од надлежност на Општината во согласност со закон;
- основно и средно образование-основни и средни училишта;
- спорт-спортски објекти во сопственост на Општината, услови за вршење дејност спорт, остварување на програмите донесени од Советот, остварување на правата на спортските клубови основани од Општината;
- вршење увид на лице место и изготвување записници;
- донесување решенија во управна постапка за извршен надзор;
- поднесување пријави до надлежните државни органи;
- врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 21**

**(16) Територијалната противпожарна единица на Општината** ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснење на големи пожари на целата територија на Република Македонија во координација со Дирекцијата за заштита и спасување ;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење на пожари во други држави во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица согласно законот и подзаконските акти;
- тековна поправка и одржување на техниката и опремата;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;

-едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;

- врши и други работи што ќе и бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**III. РАКОВОДЕЊЕ**

**Член 22**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот.

**Член 23**

(1) Со сектор раководи раководител на сектор.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот.

(3) Со одделение раководи раководител на одделение.

(4) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

**Член 24**

(1) Со Територијалната противпожарна единица на Општината раководи командандир.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на командандирот, со Територијалната противпожарна единица на Општината раководи заменик командир на Територијалната противпожарна единица.

(3) Со одделение раководи командир на одделение.

**Член 25**

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работните места го утврдува Градоначалникот со Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација .

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 26**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид бр. 08-11728/11 од 24.11.2021 година.

**Член 27**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

**Број 08- 10884/61**
**29.08.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/62**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/190**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Извештајот е изработен за период од шест месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за туризам во периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 год. за реализација на:

- Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2024 – 30.06.2024 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2024 – 30.06.2024 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот**
2. **Развој и промоција на дестинацијата преку координација на клучните активности за развој на туризмот**
3. **Обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални / регионални иницијативи**
4. **Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот**

Континуирано одделението за развој на туризмот го врши:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 3049 станоиздавачи),
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2024 година.

1. Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот
2. Туристичка промоција на Охрид
3. Стандардизација и развој на туристички услуги и производи
4. Развој на туристичка инфраструктура и производ

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2024 год. во однос на 2023 год.), според записници од општински инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2024 – 30.06.2024 год.**

**1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| 1. | Јануари-Јуни 2024 | Континуиран процес на изврашување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 3049 станоиздавачи од кои во текот на првото полугодие на 2024 се регистрирани 65 нови станоиздавачи | Не се потрошени финансиски средства. Активностите се реализирани како во рамки на секојденвнот работење на вработените. |
| 2. | Јануари-Јуни 2024 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во периодот од јануари до јуни поднесени се 119 барања за продолжување на решенијата за категоризација. Постапено е по однос на сите. | Не се реализирани финансиски средства |
| 3. | Јануари-Јуни 2024 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храната и пијалоците кои се делод менито достапно на гостите. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на првото полугодие од 2024 година заверени се 73 нормативи за храна и пијалоци | Не се реализирани финансиски средства |
| 4. | Јануари-Јуни 2024 | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го пријават своето работно време | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на првото полугодие на 2024 година поднесени се вкупно 34 пријави за утврдување на работно време од кај угостителските објекти | Не се реализирани финансиски средства |
| 5. | Јануари-Јуни 2024 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Базата со податоци за вршители на угостителска дејност од мал обем се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | мал обем | | | |
| 6. | Јануари-Јуни 2024 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Базата со податоци за вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |

2. **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”** | | | | | |
| 1. | Јануари – Јуни 2024 | Изградба на адреналински парк | Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители. Паркот ќе зафаќа површина од околу 400 м2 и ќе биде направен според ЕУ стандарди. | Во текот на првото полугодие Адреналинскиот Парк е поставен и целосно монтиран, како и извршен е надзор над паркот. | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”. Реализирани финансиски средства од 3,695,316.00 ден. Остатокот ќе се исплати во наредниот квартал. |
| **2.2 Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic”** | | | | | |
| 1. | Јануари – Јуни | Изградба на PUMP TRACK полигон | Полигонот Pump Track претставува | Избран е економски оператор за изведување на градежните работи. | Средствата се обезбедени од проектот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, ролери, тротинети и слично. | Извршени се градежните работи и технички прием на работите. | “OHRID GO”. Реализирани финансиски средства од 4,046,880.00 ден. |
| **2.3 Набавка на мрежа на вежбалиште за голф терен и припремни активности** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2024 | Поставување на мрежа на вежбалиште за голф терен. | Во насока на постигнување на повисок степен на безбедност на вежбалиштето на голф предвидена е набавка на мрежа и дополнителни материјали неопходни за поставување на мрежата. | Во текот на првата половина од 2024 година избран е економски оператор. Тендерската постапка е спроведена во 2 лота при што лот 1 предвидува набавка на мрежата потреба за оградување на вежбалиштето, додека за лот 2 предвидува набавка на 67 челични столбови.<br>Во текот на првата половина од 2024, мрежата е испорачана, а согласно зададените рокови, во текот на наредниот квартал се очекува да бидат испорачани и челичните столбови. | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |

**3. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2024 | Промоција на туристичкиот потенцијал | Промоција на туристичкиот потенцијал се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид.<br>Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство. | Општина Охрид редовно се претставува на саемите и промотивните настани во организација на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |
| **3.2. Редизајн на ohrid.com во туристичко информативен портал** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари – Јуни 2024 | Редизајн на информативен портал | Оваа активност вклучува редизајнирање на веб страната со цел поширока промоција на културно-историското наследство на градот Охрид, како и споделување на информации од промотивен карактер кои ќе се од корист на туристите и посетителите на Охрид. На веб страната, покрај за културно-историските знаменитости ќе бидат содржани информации за сместувачките капацитети на градот, информации за настани како и останати содржани кои ќе бидат од корист на посетителите и туристите. | За реализаицја на оваа активност беше спроведена тендерска постапка при што е избран економски оператор. Склучен е договор за извршување на договорената услуга. Постапката за редизајн на туристичко-информативниот портал е во тек. Согласно воспоставената динамика очекуваме дека во текот на наредниот квартал активноста да биде завршена. | Не се потрошени финансиски средства. |

**4. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Реализирани финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **а.** | **Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој** | | | | |
При имплементација на оваа иницијатива младите кои беа вклучени во реализација на проектот во месец март и април ги посетија основните и средните училишта во Охрид и одржаа неколку панел дискусии на кои ги запознаа учениците со поимот насилство и со последиците од истото. Покрај тоа во просториите на Младинси Центар Охрид беше одржана трибина на која учествуваа представници од СВР Охрид,, представници од одделение за превенција од насилство при СВР Охрид, пењдсавници од ИПА полициски сендикат представници од Министерството за труд и социјална политика, имаше присутни професори, ученици и медиуми. На оваа трибина се разговараше за облиците на насилство штетните последици од насилство и превенција од истото.

**2.иницијатива “промоција на ЛМС преку промоција на младите**

Младинската информираност е предизвик на денешницата. Имено младите се пасивни и апатични за проблемите со кои се соочуваат секојдневно и поради тоа редко кога се вклучуваат во некој од општествените процеси.
Целта на оваа иницијатива е да ги информира младите со законот за младинско учевство и младински политики и потребата од негова функционалност како и промоција на членовите на локалниот младински совет, Целта е младите да може да го кажат својот став и мислење и да се стават во фокусот на проблемите со кои се соочуваат.Со реализација на оваа иницијатива се детектираа најистакнатите проблеми со кои секојдневно се соочуваат младите. Па за таа цел беа посетени средните училишта, факултетот и универзитетот на територијата на општина Охрид. Целта на оваaиницијатива е да се зголеми учеството на младите, нивната инфорираност и проактивност во она што нив ги интересира и што се залагаат да биде решено. Со оваа

иницијатива би се зголемила и улогата на локалниот младински совет како линк на младите со локалните власти.

Овој проект целосно е финансиски подржан од UNDP.

**Вкупен предвиден буџет 463,300.00 мкд**
**Реализирани средства 324,310.00 мк**

На 16.05.2024 на наменската сметка 7520140614785Р0 UNDP префрли 324,310.00 мк
На 16.05.2024 г.општина Охрид ги исплати фактурите кон:
БОРНИК КОМЕРЦ ДОО Охрид со износ од 44,875.00
АСТРА ДИЗАЈН Охрид со износ од 236,047.00
и дел од ф-ра кон АГРИЛ АГЕНТ ДОО Скопје со износ од 43,388.00

Поддршка на млади и младински политики

*Младински центар Охрид*

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање ќе се спроведуваат програми, дискусии и работилници кои ќе ја подобрат положбата на младите во општеството. Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

За таа цел Советот на општина Охрид донесе Одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар Охрид. Со оваа одлука, општина Охрид на времено користење отстапи дел од просторот на кој општината има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна“ во Охрид. Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 3 (три години).

Од 01.09.2022 година започна со работа Младинскиот центар. Просториите во кој е сместен Младинскиот центар Охрид, беа целосно опремени и прилагодени од страна на Општина Охрид и во истиот се вработени три лица, еден раководител и двајца младински работници избрани на претходно објавен оглас.

Општина Охрид е задолжена за работата на Младинскиот центар да обезбеди средства од Буџетот на општината. Исплатата на финансиските средства се изврши на младинската организација Коалиција „ СЕГА “врз основа на договорот бр.09-4299/1 од 30.03.2022 година и на доставена годишна програма за работа на Младинскиот центар. Така во изминатиов период поточно по барање бр.31-8062/1 од 11.06.2024, на младинската организација Коалиција „ СЕГА “ се исплатени 648.175,00 денари средства предвидени во програмата за Млади и Невладини организации за 2024 година. Во прилог Ви ги доставувам наративниот и финансикиот извештај на Младинскиот центар Охрид за периодот од 01.04.2024- 30.06.2024 година.

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ 2023 ГОДИНА**

**ПОЗАДИНА:**
**Согласно годишната програма за работа на младинскиот центар Охрид и акциските планови за месец април, мај и јуни 2024, опфатени се активности од повеќе работни пакети.**

**Програмски Активности на Младински Центар Охрид за месеците Април, мај и јуни:**

Координативни состаноци

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО организираа редовни месечни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид.

- Редовни координативни состаноци секој понеделник;
- Спроведување национална кампања за Младинско учество
- Подготовка на национална кампања за младински центри
- Останати активности

Промоција на МЦО:

Се продолжија активностите за промоција на МЦО преку повеќе активности кои се споделуваат на социјалните мрежи и нашата веб страна, како и промоција на МЦО од страна на тимот на МЦО на различни настани.

Проектниот тим беше задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот и во овој квартал споделуваше информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, linkedin) се користат како канали за комуникација со јавноста.

Линкови од веб страна и профили на социјалните мрежи:

- mco.mk
- www.facebook.com/MladinskiCentarOpstinaOhrid
- www.instagram.com/mladinskicentar_opstinaohrid/
- www.linkedin.com/company/mladinski-centar-ohrid
- https://www.tiktok.com/@mladinskicentar_o?_t=8o2aiFpkSRi&_r=1

<u>Според акцискиот план за април, мај и јуни 2024 година се реализираа следните активности за промоција на МЦО:</u>

<u>Младински Центар Охрид дел од Охрид ТрчаТ:</u>

Втора година по ред тимот и волонтерите на МЦО беа дел од една од најреномираните и препознатливи манифестации во Охрид - Ohrid Running Weekend која се одржува по 8ми пат во градот. Младите од центарот се погрижија за ги освежат тркачите и да им ја дадат дополнителната мотивација додека поминуваат на нашата станица.

МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Со цел навремено и точно информирање на локалните млади за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, повици за учество на младински размени, стипендии, локални јавни повици, огласи за вработување, огласи за практикантсво, занимливости, тековни случувања во Охрид, локални јавни повици, информации од активни здруженија и младински организации), проектниот тим на МЦО воспостави фунционална веб страница. Младинските работници секојдневно објавуваат информации на веб страната и споделуваат на социјалните мрежи.

Според акцискиот план за април, мај и јуни 2024 година се реализираа следните активности за Младинско информирање:

<u>Младински центар Охрид организираше Саем за образование и кариера</u>

На 12 мај 2023 година, од 12:00 до 14:00 часот, во Младински Центар Охрид се одржа Саем за образование и кариера.
На саемот присуствуваа претставници од четирите средни училишта од Општина Охрид и едно средно училиште од Општина Струга со промотивни материјали, каде ги презентираа нивните програми и можности за учење пред полуматурантите. Покрај можностите за полуматурантите на саемот учество зедоа и дел од универзитетите и факултетите, каде имаа можност да ги претстават своите програми за студирање пред матурантите. На овој саем учествуваа: Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, АУЕ - ФОН, Факултетот за информатички технологии и науки „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Градежен факултет при УКИМ. Присутните имаа можност да се консултираат за нивните кариерни можности и надоградба од страна на лиценцирани кариерни советнци. Голема благодарност до Асоцијацијата на советници за развој на кариера АСК и Агенција за вработување на РСМ. На настанот присуствуваа повеќе од 300 млади.

<u>Е-кампања за младинско учество 2024</u>
Секоја среда продолжи да се спроведува Е-кампањата за младинско учество преку која ги доближуваме информациите за Локалната стратегија за млади на Општина Охрид во овој месец.

<u>Кариерно советување:</u>
На 05.04.2024 година, се реализираше локална акција во состав на проект за Промоција на ProfilPASS и Sport4Employability, со Поддршка на Сојуз за младинска работа и Германски Институт за Меѓународна соработка. Локалната акција се реализираше помеѓу Младински Центар Охрид и Младински Центар Битола на кои учествуваа 15 учесници од Охрид и од Битола.
Тие имаа можност да научат повеќе за кариерен раст и развој, да се стекнат со нови знаења со цел успешна апликација за работа, но и да добијат сознанија за нова германска методологија која се имплементира кај нас, како и можност за бесплатна сесија за кариерен раст и развој.

<u>Промоција на ProfilPASS и S4E методологија:</u>
На 08.04.2024 ученици од ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски” и ученици од СОСУ „ Св. Кирил и Методиј” заедно со младинскиот работник Ангела Митеска беа дел од локални акции во состав на Проект за Промоција на ProfilPASS и Sport4Employability методологијата со поддршка на Сојуз за младинска работа и Германски Институт за Меѓународна Соработка - ГИЗ.
Истите беа дел од посета на Младински Центар Битола, каде имаа можност да се вмрежуваат и да споделат добри практики.
Активностите беа со фокус на методологијата Sport4Employability, со што првично се стави краток осврт на ProfilPASS.
Активностите се реализираа во Градскиот Парк во Битола, каде истите имаа можност да се запознаат, да го истакнат својот натпреварувачки и тимски дух, како и да се поттикнат на размислување во насока на својот кариерен раст и развој како и своите компетенции.
Понатаму учесниците имаа можност преку тим билдинг активност да посетат едно од старите историски места познати во Битола, т.н Хераклеа.

<u>Саем за образование и кариера:</u>

На ден 25.04.2024 се одржа Саемот за образование и кариера по вторпат во организација на Младински Центар Охрид. На саемот беа присутни 5 средни училишта и 11 високообразовни институции ширум Македонија кои успешно си ги претставија своите можности кои ги нуди нивната установа. Саемот беше одличната можност за интегрирано и напредно учење за идните средношколци и студенти. Саемот го посетија вкупно 350 млади.

Онлајн состанок за креирање Национална кампања за Младински Центри:
На ден 31.05.2024 се одржа онлајн средба со претставници на сите Младински Центри во Македонија. Состанокот беше со цел креирање Национална кампања за Младински Центри ширум државата. Овој состанок беше поттикнат од семинарот во декември 2023та, организиран и одржан во Младински Центар Охрид насловен „Денови на младински центри“. На овој состанок се разговараше за името, мотото, брендингот, активностите кои кампањата би ги опфатила, а исто така и препораките кои беа издвоени уште на семинарот. Се донесоа заклучоци и се одредија следни чекори. Во втората половина на јуни се очекува кампањата официјално да започне. На состанокот присутни беа претставници од: Младински Центар Охрид, Пробиштип, Кавадарци, Куманово, Гостивар, Велес и Струмица.

Национална кампања со младински центри
Во текот на месец јуни се започна со онлајн промоција на Национална Кампања за Унапредување на Положбата на Младинските Центри, во која се вклучија и младинските центри од Битола, Струмица, Кавадарци и 2та центри од Гостивар.
Оваа кампања е резултат на настанот - „Денови на Младински Центри: Семинар за вмрежување и унапредување на младинската работа“ кој се одржа од 15 – 17 декември 2023 година во Охрид.
На 1ви јули, започна кампањата поддржана и од останатите младински центри во државата: Младински Центар Битола, Младински Центар Струмица, Младински Центар Гостивар - (Youth and Community Center и ICan) и Младински Центар Кавадарци.
Целта е унапредување на положбата на младинските центри во државата и младински центар во секоја општина!
Мотото на кампањата е: Инспирирај! Активиран! Промени!
Неформално образование
Според акцискиот план за април, мај и јуни 2024 година се реализираа следните активности за неформално образование на младите:
МЦО одржа Едукативна работилница „Социјални медиуми“

На 30 мај во Младински Центар Охрид се одржа едукативна работилница на тема „Социјални медиуми“. Учесниците имаа можност да научат повеќе за медиумите, користењето на социјалните медиуми, како да препознаат лажни вести и влијанието врз здравјето преку постојано користење на мобилен телефон. Потоа преку дискусија учесниците ги издвоија позитивните и негативните работи од користење на социјални медиуми. На работилницата учествуваа вкупно 19 ученици од IX одделение од ОУ „Св. Наум Охридски“ – Пештани.

ДЕБАТЕН КЛУБ И АРТИВИЗАМ:

Во текот на месец април и мај се одржаа по 4 средби од клубовите за Артивизам и за Дебата, на кои се работеше според предвидената програма за Медиумска писменост.
На 10ти јуни 2024 година, членовите на Артивизам организираа акција за подигање на свеста за заштита на Охридското Езеро и животната средина со пораката „Во Езеро пливај, отпадок рециклирај“. Изработена беше скулптура од рециклирани материјали преку која пренесоа јасна порака против загадувањето на Охридското Езеро. Исто така, на кејот во Охрид беше поставен и штанд на кој граѓаните можеа да споделат идеи како може да се заштити Езерото или пак што може да се прави со отпадот.

*НАЦИОНАЛНО ДЕБАТНО ПРВЕНСТВО 2024.
Од 17 до 19 мај, во Скопје, Иво Ристески (тренер во Дебатниот Клуб), Сара Петкоска (дебатер), Борче Исакоски (дебатер), Марио Ѓорески (дебатер), Лина Јоноска (дебатер), Георги Меркоски (дебатер), Анастасија Атесленко (дебатер) и Калина Стојаноска (судија) со аргументи и ставови ја бранеа главната теза:
„Овој Дом претпочита целосно генеративен модел на вештачка интелигенција како главен извор на вести наместо новинари.“ Дебатерите, подготвени со знаења и аргументи за новинарство, вешташка интелигенција и медиумска писменост, во улога на афирмациски или негациски говорници, неуморно и храбро дебатираа на оваа теза.
На националното дебатно првенство учествуваа над 50 тимови и над 150 дебатери. Нашиот дебатен клуб постигна одлични резултати. Во категорија најдобар „replay speech“ 3то место освои Сара Петкоска. Во категорија најдобар говорник, дебатерите се пласираа во топ 30. Инаку, во последните 8 месеци со членовите на Дебатниот Клуб активно работевме на повеќе теми како: борба против лажни вести и препознавање на иститe, структуирано пишување и изнесување на аргументи како и правилно побивање на туѓи аргументи, истражување, различни техники за јавно говорење и надминување на трема од јавен настап. Тренери: Александар Бојчовски и Иво Ристески.
Ова беше 154 дебатен турнир, а организатор на истиот е Младински образовен форум – МОФ / Youth Educational Forum -YEF, а поддржани од Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“.

Мастер Клас за Млади со Бојан Кордалов:
На 22.04.2024 учесниците имаа можност преку интеракција да научат за значењето на инфлуенсерството во денешно време, за техники за успешен јавен настап и комуникацијата како клучна алатка на патот кон успешна приказна.
Поттикнување на креативност

Според акцискиот план за април, мај и јуни 2024 година се реализираа следните активности за поттикнување креативност на младите:

Креативна работилница за Велигден
- На 12 април во просториите на МЦО, тимот на МЦО и волонтерите одржаа креативна работилница каде се изработија различни работи повод Велигденскиот базар на 13ти април. (На работилницата присуствуваа 8 волонтери).

Работилници за креативно пишување:
Во текот на април, мај и јуни продолжија работилниците за креативно пишување со Дамјана Видическа каде младите имаат можност преку еден уникатен и креативен

пристап да си ги усовршуваат своите вештини за пишување.
На 19.06.2024 се одржа последната работилница за креативно пишување со Дамјана Видическа, на која учесниците креираа приказна со 6 збора. Исто така, на последната работилница на учесниците им беа доделени сертификати за успешно завршена обука за креативно пишување.
Во склоп на овие креативни работилници дополнително, учесниците имаа можност на 26.04.2024 да присуствуваат на промоција на книгата „Утроба од јаготки“ на нивниот ментор, Дамјана Видическа.

Светски ден за Заштита на Животната Средина:
На 5ти јуни во Младински Центар Охрид, се реализираше Креативна Работилница за рециклирање/преработување на стара облека во торби за пазарење.
На работилницата активен придонес дадоја учениците на три основни училишта: ООУ. „Кочо Рацин”, ООУ. „Григор Прличев” и ОУ. „Живко Чинго”.
На креативен начин се изработија торби за пазарење, со што се стави акцент на нужноста од колективна свест во насока на Заштита на Животната Средина. На работилницата имаше вкупно 27 млади.

РЕ-КРЕ-АРТ низа креативни работилници во МЦО:
Во просториите на Младинскиот Центар Охрид започнаа работилниците „РЕ-КРЕ-АРТ“ (рекреирање на неупотребливи материјали во уметнички дела), кои се осмислени со цел да ги поттикне креативните и уметничките способности на учесниците преку употреба на неупотребувани и отпадни материјали. Преку овие работилници, учесниците ќе се запознаат со разни техники како декупаж, мозаик, изработка на накит, оригами, креации од ткаенина и слично.
На 26ти и 27ми јуни 2024 година се одржаа работилниците за изработка од накит. Овие работилници ги водат млади креативни луѓе од Центарот во соработка со Beach Film Festival и Charade Film. На работилниците беа присутни вкупно 15 учесници.
Култура
Според акцискиот план за април, мај и јуни 2024 година се реализираа следните културни настани:
Театарски работилници:
Во текот на месец април редовно се одржуваа проби за подготовка на претставата „Премотај и почни одново“ која својата премиера ја доживеа на 19.04.2024 година

„Премотај и почни одново“ - Театарска претстава на младите од МЦО:
На ден 19.04.2024 година во Младински Центар Охрид се одржа премиерата на „Премотај и почни одново“ во која играа младите учесници во театарскиот клуб при МЦО предводени од менторот Јован Цветкоски.

„Премотај и почни одново“ е адаптација на едночинката „Bang Bang You’re Dead“ од Вилијам Мастросимон од 1999 година и е длабоко испитување на културата што може да предизвика насилство во современото општество, и потресна интроспекција на последиците од тоа насилство. Оваа драма не е само уште едно сценарио што го избравме случајно. Тоа е огледало што ги одразува проблемите што ги мачат нашите училишта и заедници. И затоа избравме да ја оживееме оваа претстава. Не само за забава, туку и за едукација. Ние веруваме дека театарот има моќ да поттикне разговори, да направи промени. Со влегувањето во чевлите на овие ликови, се надеваме дека ќе фрлиме светлина врз темнината што нè опкружува. Сакаме да ја предизвикаме стигмата. Да ги срушиме бариерите кои нè спречуваат да подадеме рака,

да бараме помош. Но заедно, преку уметност и емпатија, можеме да направиме разлика.
Продукција: Младински Центар Охрид
Сценарио и режија: Јован Цветкоски
ИГРААТ: Лука Доленц, Дафина Дејкоска, Сара Петкоска, Марио Ѓорески, Ивона Тасеска, Лија Камбер, Борче Исакоски, Исидора Митревска, Лора Јонческа, Лина Јоноска, Теона Талевска

„Простор за разговор“ - проекција на филм и танцов перформанс:
На 3ти јуни, Интерарт културниот центар во соработка со Хера – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, во склоп на турнејата на проектот „Простор за разговор“, во соработка со Младинскиот Центар Охрид, одржа настан во кој се изведе танцов перформанс и се зборуваше на темата, а се прикажа и филмот „Простор за разговор“.
Танцовиот перформанс и филмот се создадени како сценска рефлексија на истражувањето за односот на општеството кон темата на родова еднаквост, со цел да се сврти вниманието на јавноста кон овој горлив проблем.

Музичка приредба на младите во Младински Центар Охрид:
На 25ти и 26ти јуни во просториите на Младински Центар Охрид со почеток во 19:00ч се одржа музичка приредба на учениците од ООУ „Кочо Рацин“ и бендот на Младински Центар Охрид под менторство на професорот Игор Стефановски кои спремија богат репертоар со добро познати песни од големи домашни и странски артисти, во кој публиката неизмерно уживаше.

СОРАБОТКА СО ОПШТИНА ОХРИД И ЛМС ОХРИД

Обуки за избирачки места:
На деновите 08.04; 09.04; 10.04; 12.04 и 29.04 во просториите на Младинскиот Центар се одржуваа обуки за избирачки места за престојните претседателски и парламентарни избори во Македонија.

Останати активности:
Студиска Посета во Младински Центар Охрид во склоп на Проект FOMYW - партнер Коалиција на младински организации СЕГА.

Коалиција на младински организации СЕГА е партнер на проектот „For open minded youth workers“ кој се спроведува во соработка со организациите Maison Pour Tous Léo Lagrange од Шербоург и Musique Expérience од Дусе, Франција.
Во рамките на проектот во периодот од 06 - 13 април 2024 година се реализира студиска посета во Франција помеѓу претставници од Коалиција СЕГА меѓу кои и нашиот младински работник Јован Цветкоски и двете организации од Франција.
Целта на студиската посета беше да се истражи младинската работа во нивната држава, поддршката која ја даваат локалните власти и да се споделат искуства со можност за идна соработка.
Во текот на престојот во Франција, се посетија повеќе градови, неколку организации и неколку младински центри меѓу кои се воспостави контакт, се споделија позитивни искуства и се отвори разговор за потенцијална понатамошна соработка, исто така нашите претставници беа во посета на Регионалната Општина во Каен каде разговараа со одговорната личност за младите во тој дел на Нормандија.

Младински круг за унапредување на ЗМПМУ:
На 04.04.2024, младинските работници од МЦО, беа дел од младинскиот круг во рамки на проектот „Граѓанското општество во унапредување на регулативата за млади“, поддржан од регионалниот проект SMART Balkans - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, во организација на Коалиција СЕГА. Модератори на вториот Младински круг беа Јован Цветкоски и Ангела Митеска кои заедно со учесниците дискутираа за Законот за Младинско Учество и Младински Политики, со фокус на младинските сервиси кои се впишани во законот.

Учество на третата по ред Европска Академија за Младинска Работа (EAYW) во Крањска Гора Словенија:
Раководителот на Младински Центар Охрид, Јован Цветкоски, учествуваше на 3-тото издание на Европската академија за младинска работа што се одржа во Крањска Гора, Словенија, од 14-ти до 17-ти мај 2024 година.
Настанот обедини речиси 200 посветени поединци од младинската заедница, сите страстни за унапредување на младинската работа. Темата оваа година беше „Иновации, тековни трендови и развој на младинската работа“ и беше навистина инспиративно со толку многу иновативни умови и идеи.
Во текот на овие четири дена, се истражува иновативни пристапи, се разговараше за најновите трендови и се споделуваа непроценливи сознанија за тоа како да се зајакнат младинските работници и како да се поддржат младите во нашите заедници. Сесиите беа динамични, поттикнувајќи атмосфера за соработка каде што идеите би можеле да се остварат.

Семинар за пишување на модули за младинска работа – Скопје – Јован
Од 10.06 до 13.06.2024 младинскиот работник Јован Цветкоски беше вклучен во семинар за пишување на модули за младинска работа заедно со партнерите од Франција - Maison pour tous и Musique Experience на проектот FOMYW кој се реализираше во Скопје од 06.06 - 13.06.2024. Покрај вклученоста во креирање модули за младинска работа, младинскиот работник и фасилитираше сесија за Инклузија во проектите за мобилност.

**ПОСЕТЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ:**
Во овој тримесечен период (април, мај и јуни 2024 година) центарот беше посетен од страна на околу 750 посетители, вклучувајќи учесници на настаните, како и луѓе кои го посетуваат центарот на дневна основа.

**ОЦЕНКА ЗА МЕСЕЦИТЕ АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ ЗА ВЕБ СТРАНАТА**
Во текот на овие 3 месеци, веб страната е посетена: 44,049 пати.
Во текот на овие 3 месеци, на веб страната се објавени 67 вести.

СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ И СТАТИСТИКА НА ПОСЕТИ И ИНТЕРАКЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ
Статистики од FACEBOOK (од 01.04.2024 до 30.06.2024):
- post reach: 23,131; engagement: 4348; followers: 1388

Статистики од INSTAGRAM (од 01.04.2024 до 30.06.2024):
- Accounts reached: 12,643; Accounts engaged: 587 Total Followers: 738

Финасиски извештај

Финансиски Извештај
за раководење со Младински центар Охрид за 2024 година, Коалиција на младински организации СЕГА
за периодот 01 април 2024 - 30 јуни 2024 година

| | | Единица | Тип | Количина | Месеци/ | Побарано од општина Охрид | I Извештај | II Извештај | Учество на апликантот | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Опис на трошокот | Тип | Цена | # Единици | Единици | (МКД) | (МКД) | (МКД) | (МКД) | (МКД) |
| 1. Персонал | | | | | | 1,231,080.00 | 307,770.00 | 272,120.00 | 1,590,612.00 | 2,821,692.00 |
| 1.1 | Програмски Раководител (СЕГА) | месец | 63,419.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | 761,028.00 | 761,028.00 |
| 1.2 | МЦО Координатор (СЕГА) | месец | 54,132.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | 649,584.00 | 649,584.00 |
| 1.3 | МЦО раководител | месец | 40,270.00 | 1 | 12 | 483,240.00 | 120,810.00 | 120,810.00 | 0.00 | 483,240.00 |
| 1.4 | МЦО Младински работник | месец | 35,650.00 | 1 | 12 | 427,800.00 | 106,950.00 | 71,300.00 | 0.00 | 427,800.00 |
| 1.5 | МЦО Младински работник | месец | 26,670.00 | 1 | 12 | 320,040.00 | 80,010.00 | 80,010.00 | 0.00 | 320,040.00 |
| 1.6 | Финансиски асистент (СЕГА) | месец | 15,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | 180,000.00 | 180,000.00 |
| 2. Патни трошоци | | | | | | 37,920.00 | 4,240.00 | 2,720.00 | 0.00 | 37,920.00 |
| 2.1 | Патни трошоци за координативни состаноци за мониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | 4,240.00 | 2,720.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локални патни трошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | | | 0.00 | 12,000.00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Обуки | | | | | | 9,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| 3.1 | Интерна обука (патни трошоци, сместување, работни материјали, храна) | единица | 3,000.00 | 3 | 1 | 9,000.00 | | | 0.00 | 9,000.00 |
| 4. Други директни трошоци | | | | | | 9,600.00 | 2,400.00 | 2,250.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 2,400.00 | 2,250.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5. Индиректни трошоци | | | | | | 72,000.00 | 0.00 | 9,582.00 | 24,000.00 | 96,000.00 |
| 5 | Канцелариски материјали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | | 4,612.00 | 0.00 | 14,400.00 |
| 5.2 | Освежување за МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | | 4,970.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 5.3 | Средства за одржување на канцеларија МЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | | | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лице за чистење на простории на МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | | | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комуникациски трошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | 24,000.00 | 24,000.00 |
| 6.Специфични трошоци поврзани со проектот | | | | | | 331,100.00 | 1,848.00 | 9,071.00 | 0.00 | 331,100.00 |
| 6.1 | Печатење на промотивни материјали (балони, маици, стикери, белезици) | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | | | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.2 | Тефтери (бележници) А5 | единица | 74.00 | 500 | 1 | 37,000.00 | | | 0.00 | 37,000.00 |
| 6.3 | Печатени хартиени кеси | единица | 100.00 | 200 | 1 | 20,000.00 | | | 0.00 | 20,000.00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.4 | Знаме со јарбол (4 метра) | единица | 5,300.00 | 2 | 1 | 10,600.00 | | | 0.00 | 10,600.00 |
| 6.5 | Организирање на настан за Ден на млади | единица | 35,000.00 | 1 | 1 | 35,000.00 | | | 0.00 | 35,000.00 |
| 6.6 | Театарска работилница - реквизити | единица | 9,000.00 | 1 | 1 | 9,000.00 | | 8,691.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| 6.7 | Медиа клуб (печатење на весник) | единица | 6,000.00 | 1 | 1 | 6,000.00 | | 380.00 | 0.00 | 6,000.00 |
| 6.8 | Креативен клуб | месец | 3,000.00 | 6 | 1 | 18,000.00 | | | 0.00 | 18,000.00 |
| 6.9 | Активности на волонтерски клуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 1,848.00 | | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.10 | Спонзорирање на објави на социјални мрежи | месец | 2,000.00 | 12 | 1 | 24,000.00 | | | 0.00 | 24,000.00 |
| 6.11 | Печатење на материјали | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | | | 0.00 | 3,500.00 |
| 6.12 | Хонорар за ментори/наставници за школи за музика и уметност | месец | 6,600.00 | 2 | 5 | 66,000.00 | | | 0.00 | 66,000.00 |
| 6.13 | Печатење на промотивни материјали (флаери, публикации и сл.) | единица | 70,000.00 | 1 | 1 | 70,000.00 | | | 0.00 | 70,000.00 |
| 7.Трошоци за опремување на МЦО | | | | | | 164,500.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 164,500.00 |
| 7.1 | Опрема за озвучување | единица | 100,000.00 | 1 | 1 | 100,000.00 | | | 0.00 | 100,000.00 |
| 7.2 | Осветлување за настани | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | | | 0.00 | 20,000.00 |
| 7.3 | ПП Апарат | единица | 3,000.00 | 1 | 1 | 3,000.00 | | | 0.00 | 3,000.00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.4 | Сет за прва помош | единица | 1,000.00 | 1 | 1 | 1,000.00 | | | 0.00 | 1,000.00 |
| 7.5 | Пепелник | единица | 1,500.00 | 1 | 1 | 1,500.00 | | | 0.00 | 1,500.00 |
| 7.6 | Столици во боја | единица | 2,600.00 | 10 | 1 | 26,000.00 | | | 0.00 | 26,000.00 |
| 7.7 | Клуб Масички | единица | 4,000.00 | 2 | 1 | 8,000.00 | | | 0.00 | 8,000.00 |
| 7.8 | Брендирање на прозори | единица | 5,000.00 | 1 | 1 | 5,000.00 | | | 0.00 | 5,000.00 |
| Вкупно директни трошоци | | | | | | 1,855,200.00 | 316,258.00 | 295,743.00 | 1,614,612.00 | 3,469,812.00 |
| Административни трошоци, 10% од програмските трошоци | | | | | | MKD 185,520.00 | MKD 31,626.00 | MKD 25,547.00 | MKD 0.00 | MKD 185,520.00 |
| ВКУПНО | | | | | | MKD 2,040,720.00 | MKD 347,884.00 | MKD 321,290.00 | MKD 1,614,612.00 | MKD 3,655,332.00 |

| | ОПШТИНА ОХРИД | | КОАЛИЦИЈА СЕГА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| ПРОЦЕНТУАЛЕН ПРИКАЗ НА БУЏЕТ | 55.83% | | 44.17% | 100.00% |

*2 .Локален младински совет*

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Служен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година, се наметнува потреба од формирање на Локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание.

Целта на реализација на оваа активност беше инволвирање на младите во спроведување на политиките и креирање на младинските програми. Тоа е можно единствено преку институционализирање во тело кое формално правно ќе ги претставува младите.

Со формирањето на локално младинско собрание и Локалниот совет на млади се споделуваат обврските помеѓу општината и младинските активисти на начин што се гради партнерски однос помеѓу нив со цел подобрување на условите за живот на младите луѓе на територијата на општина Охрид.

Од тие причини продолжува интензивната соработка помеѓу одделението за млади и невладини организации преку службеникот за млади со Локалниот младински совет и Собранието на млади.

**Извештај за работата на Локален младински совет на Општина Охрид**

Квартал Април – Јуни

Вовед:

Овој документ обезбедува информации за спроведување на активностите на Локалниот младински совет на Општина Охрид, за месец април – јуни 2024 година.

Листа на активности:

17.04 - Работата на ЛМС треба да биде видлива за јавноста и за секој заинтересиран млад човек, особено затоа што ЛМС е јавно и претставничко тело кое ги претставува и застапува интересите на сите. Па така, значајно е ЛМС да биде транспарентен и отчетен кон јавноста и кон младите од Општина Охрид, во што посебна улога имаат односите со пошироката јавност.

За полесна комуникација со јавноста и достапност на информации на веб-страницата на Општина Охрид во посебна потстраница секој може да пристапи и на организиран начин да ги дознае сите информации за членовите на ЛМС – Охрид.

Исто така, достапни се и Деловникот, Годишната програма за работа и записниците од сите одржани седници.

17.04 – Седница на ЛМС - Охрид

21.04 – Учество на годишно собрание на Интернационалната полициска асоцијација – регион Охрид.

22.04 – Присуство на Мастер Клас за млади со комуниколог Бојан Кордалов во МЦО.

27.05 – Учество на работилница за пишување на младински иницијативи кои ќе бидат финансирани од страна на УНДП.

27.05 – Седница на ЛМС – Охрид.

06.06 – Онлајн промоција: Младите на локално ниво имаат интерес да бидат дел од повеќе граѓански активности!

19.06 – Седница на ЛМС - Охрид

**Број 08-10884/79**
**29.08.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/199**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/80**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ
### ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, Програмата за споменици и спомен-обележја на личности и настани од значење за Охрид, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2024 – 31.06.2024 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

Во соработка со Македонската православна црква и Здружението за грижи и воспитување на децата на Охрид, братството и сестринството од Бигорскиот манастир и Организациониот одбор на Бадниковите поворки, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани, беше реализирана верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.**





Со ѕвезди во рацете и пеење на коледарската песна Вечниот Бог, повеќе од 800 деца од Охрид беа дел од годинешната Бадникова литија и предвесници на Христовото раѓање.

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “**Василичарски карневал”.**

  Василичарскиот карневал кој годинава се одржа по 25 –ти јубилеен пат и годинава беше вистински театар под отворено небо.

  Карневалот има посебен, уникатен и несекојденевен дух кој успешно беше пренесена на многубројните гости од Охрид и околината.



- Под целосно покровителство на Општина Охрид, а во соработка со МПЦ Охридска архиепископија, во духот на верата и традицијата се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **“Богојавление – Водици“;**

По завршувањето на Богојавленскиот водосвет, точно на пладне на градскиот плоштад се одржа концерт македонската група Некст тајм, кои во духот на празникот ги веселеа бројните туристи од Р.Македонија и регионот, а на Сараиште беше одржано свето крштение кое со години наназад претставува интересна специфика за Охрид како Ерусалим на Балканот.





- Во соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа годишнината од смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на традиционалната културна манифестација “Прличеви беседи”.

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување.

Со доделувањето на наградата за најдобра поема на лауреатот Славе Ѓорѓо Димоски и преставување на поемата „Денес“ на малата сцена во НУЦК „Григор Прличев“ започнаа свеченостите на годинешните „Прличеви беседи“.

На вечното почивалиште на ловороносецот, во дворот на црквата Света Богородица Перивлепта беше одржана панихида во чест на Григор и Кирил Прличеви.

Во спомен- куќата на Григор Прличев беше одржана традиционалната манифестација „Стихови и звуци за Прличев.

На свеченоста беше промовирана книгата Охридските поети од проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на Општина Охрид како дел од едицијата Охридско книжевно наследство. Исто така во рамките на манифестацијата доделени и пофалниците за првонаградените ученици на литературниот конкурс што

традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“ во чест на својот Патрон.






Како дел од чествувањата во библиотеката „Григор Прличев“ се одржа и традиционалната „Прличева визита“ на која беше прогласена најдобрата беседа за 2024 година на тема: „Прличев и ние“.




- Во чест на ликот и делото на Кирил Прличев и по повод 80 години од неговата смрт, денеска во Спомен куќата на Христо Узунов се одржа пригодна свеченост, организирана од страна на Општина Охрид во соработка со Националната установа Завод и музеј. **Општина Охрид и НУ Завод и музеј – Охрид, по втор пат ја одржуваат оваа манифестација, со која се одбележува 80 годишнината од смртта на големиот револуционер. Се надевам дека денес и најмладите ќе имаат можност да спознааат нови моменти од животот и делото на овој наш славен охриѓанец, а преку изложбата „Лица на револуцијата“ визуелно и со нивната фантазија да допрат до историските моменти од нашето минато.**

На настанот присуствуваше внуката на Кирил Прличев, Олга Прличева која на претставниците на Завод и музеј им подари портрет од својот дедо. Портретот ќе биде дел од музејската поставка во Спомен куќата на Григор Прличев




- Во соработка со Завод и музеј од Охрид, п.е на Историскиот архив и основните училишта, со полагање цвеќе пред родната куќа на гемиџијата,одбележана е 116 **годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.**



- Во НУ Библиотека „Григор Прличев“, во организација на здружението на граѓани „Креативна верига“ , а со поддршна на Општина Охрид, по втор пат беше организирана манифестација на еминентниот поет и писател за деца,охриѓанецот Тоде Илиевски.
  За ликот и делото на поетот зборуваше Славе Ѓорго Димоски, а избрани песни за деца од творештвото на Илиевски прочитаа учениците од ООУ „Свети Климент Охридски“.
  Во негова чест беа доделени наградите од распишаниот конкурс за најдобра необјавена песна за деца.



- По повод 8 март- Меѓународниот ден на жената, Општина Охрид на 07.03 2024 г. ( четврток) во концертната сала на Општинското основно музичко училиште „МетодиПатчев” со почеток во 19.00 часот, беше организиран музички рецитал на Билјана Буџакоска во пијано придружба на Ивона Базглаоска .

Пред рециталот бешеотворена изложбата “Жени во фокусот “ во чии рамки беа изложени 12 фотографи сликани од објективот на Нина Ангелоска.

Фотографиите се всушност 12 приказни на жени охриѓанки кои со својата работа се синоним за се она што значи ЖЕНА.

Секоја, посебна, инспиративна и секоја на свој начин преставува пример дека постои само сакам и не сакам , а нема не можам.

Најчестиот начин на кој луѓето се откажуваат од својата моќ е со размислување дека не можат“ – Алис Вокер.

Реализацијата на овие два настани е во соработка со Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените.





- Во организација на општина Охрид и Исламската верска заедница – муфтиство од Охрид се одржа традиционалната манифестација **Ифтарска вечер.**




- Со полагање свежо цвеќе пред спомен- обележјето на илинденците во градскиот парк беше обеежана **годишнината од смртта на охридскиот револуционер Методи Патчев.**



- Одбележана годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски.

По повод 25 годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски, делегација на Општина Охрид, предводена од заменик градоначалникот Перчо Божиновски, денеска положи свежо цвеќе на неговото спомен обележје во селото Ливоишта.
Благојче Крстаноски бил македонски бранител и професионален војник во АРМ. Загинал на 7 април 1999 на самата граница од снајперски оган од косовска страна. Тој бил првата жртва на вооружените сили во независна Македонија, чесно и пожртвувано извршувајќи ја својата должност во одбрана на својата татковина.Благојче Крстаноски е посмртно одликуван со медалот за храброста од претседателите Борис Трајковски и Ѓорге Ивановски.



- Со полагање цвеќе беше одбележана годишнината од смртта на војводата, учителот и револуционерот **Христо Узунов.**

  **ООУ „Христо Узунов“** достојно го прослави својот патронен празник а во спомен- куќата на Узунов беше организирана и пргодна свеченост.




- Под покровителство на Општина Охрид на 19-ти мај во НУЦК „Григор Прличев“ се одржа 25-то јубилејно издание на **традиционалниот детски – музички фестивал Распеано рибарче.**




Општина Охрид во соработка со ЈП Градски пазар на 30.04.2024 година го организира традиционалниот Велигденски базар проследен со концер и музичко сценски перформанс на охридските културно – уметнички друштва.
На базарот зедоа учество сите заинтересирани фирми, занаетчии, слаткари, пекари, уметници, производители на охридски и македонски традиционални јадења и дру.
Во забавниот дел од настанот настапија КУД „Ѓердан од бисери“, КУД„Ѓердан“, КУД „Отекс“, КУД „Фаланга“, КУД „Филиграни“, КУД „Илинден“, учесниците на детскиот музички фестивал „ Распеано рибарче“, малите ѕвездички со КА - Двојче, најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ и учениците од општинските основни и средни училишта.
Велигденскиот концерт и велигденскиот базр беа од хуманитарен карактер а дел од собраните средства од продажба на производите беа донирани онаму каде што е најпотребно, токму во духот на големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден.






- Во рамки на свечената програма за одбележување на 24. Мај Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј вчеравечер во УИНТ „Св. Апостол Павле“ се одржаа два културни настани организирани од страна на Општина Охрид и Амбасадата на Република Словачка во Македонија. Беше отворена изложбата на фотографии „По трагите на Свети Кирил и Методиј“ и беше прикажан документарниот филм „Тајниот код на Константин“.

На настаните во името на Локалната самоуправа присуствуваше заменик градоначалникот Перчо Божиновски и советници од Советот на Општина Охрид. Проекцијата на филмот ја проследија и Словачкиот амбасадор во Република Македонија, Хенрик Маркуш, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, високи претставници на Македонската Православна црква-Охридска Архепископија, пратеници, функционери, професори и граѓани.



По повод 24. Мај, денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј, делегација на Општина Охрид, предводена од градоначалникот Кирил Пецаков, денеска положи свежо цвеќе на нивното спомен обележје на Охридскиот кеј.

Свежо цвеќе положија претставници на амбасади и конзуларни претставништва во Македонија, пратеници, претставници на охридските основни и средни училишта, претставници на културни институции, здруженија на граѓани и претставници на политички партии.



- Во големата сала на Општина Охрид се одржа промоција на книгата „Охридски писатели за деца и младинци“ од авторите проф. д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо – Димоски.
-



Станува збор за деветтата по ред книга којашто е дел од едицијата „Охридско книжевно наследство“ што ја издава градоначалникот Кирил Пецаков и Општина Охрид.

За значењето на овој труд зборуваше заменик градоначалникот на Охрид, Перчо Божиноски.

Промотор на книгата беше м-р Ирена Бачиќ. Пред присутните се обрати и поетот Смиле Наумоски – Брсјак кој со свои творби е застапен во делото. Беше прочитано и излагањето од претседателот на Балканско детскиот младински камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“, Веле Митаноски. Уредник на книгата е Митре Велјановски.

Трудот е објавен во тираж од 300 примероци.

- Под покровителство на Општина Охрид во предворјето на НУЦК Григор Прличев со почеток во 20.00 часот, на 20.06.2024 година, ќе се одржи културната манифестација Чалгиски звуци во чест на познатиот охридски виолинист Климе Садило.

На манифестацијата ќе настапат музичката група „Фросина“ и Камерен оркестар Охрид.



- Општина Охрид преку Програмата за култура започна да го реализира проектот –„**Да ги овековечиме вредностите“.** Целта на проектот е сликање мурали на истакнати охридски дејци, кои оставиле трага во охридската и македонската меморија.

Согласно предвидениот буџет, проектот започна со цртање на ликот на Григор С. Прличев – симболот на македонската гордост, истрајност и непокор, поетот кој со своите вонвременски дела Сердарот и Скендербег ја извиши Македонија во врвот на светската литературра, покажувајќи и докажувајќи дека за пишаниот збор нема граници.Муралот е нацртан на западниот ѕид на НУ Библиотека Григор Прличев во непосредна близина на НУЦК Григор Прличев – двете институции кои го носат неговото име.

Муралот е дело на академскиот уметник Горан Ристоски.





- Под мотото „Културата расте со децата“ , овој петок – 28.06 2024г ., со почеток во 20:00 часот на бината кај ТЦ Амам ќе настапи модерниот детски, светски бренд „Веселите ѕвончиња“.

Настанот е дел од Програмата за деца на Општина Охрид.

- Богата музичка програма и неповторлива забава за охриѓани и туристите донесе третото издание на Ohrid Wine Festival се одржува од 27-ми до 29-ти јуни во Охрид, на Кеј Македонија, пред хотел „Палас“.

На отварањето на фестивалот на 27.06.2024 (четврток) на сцената настапија Backdoor band, Миле Кузманоски и „Куку леле“. Вториот фестивалски ден на 28.06.2024 (петок) е резервиран за Urban planet, Next time и Brass brothers. Во рамки на третиот фестивалски ден на 29.06.2024 (сабота) за забавата ќе бидат задолжени „Балканико“, „Ареа“ и Влатко Лозановски.
Концертите на македонските музички артисти беа надополнети со дегустацијата на македонски вина и вкусна храна.
Покровител на овој тридневен фестивал е Општина Охрид, а истиот е организиран од „Крафт Продукција“.



**Финансиски дел од извештајот**
За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.06.2024 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **3.513.232,оо денари** од кои :

- **120.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „**Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање”.**
- **60.000 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј за одржување на традиционалниот **Василичарски карневал во с. Куратица ;**
- **660.000**,оо денари за одржување на најголемата верска манифестација „Богојавление – Водици“ и одбележеување на 20 Јануари – Свети Јован Крстител, Денот на рибарите
- **120.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Охридски музички еснаф за нивната годишна програма за работа за 2024 година.
- **57.000,оо** денари се испатени по основ претходни побарувања од НУЦК Григор Прличев за закуп на големата и малата сала одржување на свечената академија и други активности по повод 8 Декември – Денот на Свети Климент Охридски – Патронот на Охрид.
- **22.194,оо** денари се исплатени за годинешното издание на Прличевите беседи и тоа за откуп на примероци од книгата Гоце Делчев од Ванчо Николески на брајово писмо.
| Набавка на правосмукалки | | 180.000,00<br>Сопствени средства | 39.968,00 ден.<br>0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Набавка на климатизери | | 450.000,00<br>Сопствени средства | 0<br><br>0 |
| Вкупно: | | **3.651.000,00** | 189.968,00 ден.прв квартал<br><br>0 втор квартал |

**Број 08-10884/93**
**29.08.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/206**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/94**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

## ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (Т1)

**01.01.2024 - 30.06.2024**

Здравствената и социјалната заштита играат клучна улога во јакнењето на заедницата, како и поддршка на сите засегнати страни со цел подобар и поквалитетен живот на сите засегнати лица кои живеат на територијата на општина Охрид. Основните цели на Програмата за здравствена и социјална заштита за 2024 година генерално се насочени кон:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на здр.и социјалната заштита и

- Изнаоѓање форми за утврување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво.

За таа цел активностите на општина Охрид во областа на здр.и социјална заштита во 2024 година се насочени кон поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма и употреба на сите неопходни мерки, средства и механизми кои се потребни за реализирање на активностите и проектите за 2024 година.

**Реализирани активности (01.01 - 30.06.2024)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Општинско корисна работа - „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните”- Отворени можности за еднакво образование за сите деца.<br>Ангажирани 10 образовни асистенти во средните училишта | Со почетокот на новата учебна година општина Охрид поднесе апликација и повторно доби проект за реализација на оваа активност заедно со УНДП. За таа цел во рамки на средните училишта во општина Охрид се ангажирани 10 образовни асистенти кои работат со ученици со потешкотии во развојот. Проектот се | 687.500,00<br><br>Буџет на општина Охрид и средства на УНДП | 82.500,00 (1 квартал)<br><br>82.500,00 (2 квартал) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одвива според зацртаната динамика и без проблеми. | | |
| Субвенционирање на трошоци за комунални услуги | Објавен е јавниот повик и извршена е евалуација на пристигнатите барања. Градоначалникот донесе решенија за субвенционирање на трошоци за комунални услуги | 2.000.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 683.956,00 (исплатени се ф-ри од минатата година) (1 квартал)<br><br>274.147,00 (2 квартал) |
| ЗГ „Зраци„ - Охрид<br><br>„Поддршка на дневен центар на лица со интелектуална попреченост„ | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 700.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 300.000,00 (1 квартал)<br><br>200.000,00 (2 квартал) |
| ЗГ „Добротољубие 2014„<br>Дневен центар за згрижување на лица со попречености во рамки на црквата „Св. Ѓоргија„ Охрид | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 120.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 120.000,00 |
| ЗГ Ретко е да си редок „Реткоста инспирира„ „Подигање на јавната свест за постоење на ретките болести и предизвиците со кои се соочуваат пациентите со ретки заболувања„ | Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Проектните активности се завршени по завршување на изборниот циклус ќе следи исплата | 150.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Владо Горичан дипл. Физио и ерготерапевт Набавка на специјални тренинг комбинизони (Eurosuit) | Проектот е реализиран. | 172.200,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 172.200,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Здружение на слепи лица Охрид „ Активности на слепите лица на полето на спортот, културата и рекреацијата„ | Реализацијата на проектот не е отпочната. | 50.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| ЗГ на „Глуви и наглуви лица„ „Социјализација на Глувите лица Охрид во локалната самоуправа за 2023 година„ Обука за знаковен јазик и останати активности на здружението | Реализацијата на проектот не е отпочната. | 50.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| ОО Црвен крст Охрид „Денови на солидарност!„ | Проектот е реализиран. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 100.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 100.000,00 |
| Здружение на граѓани за еднаква застапеност на лица со посебни потреби во медиумите „СОС Балкан медиа„ Охрид „И ние можеме„ | Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Проектот е завршен | 300.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 300.000,00 |
| ЗГ „В.О.П.С. Поддршка„ Охрид „Поддршка за инклузивна игротека РАДОСТ„ | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 360.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| ЗГ „Великамен„ с. Елшани Охрид „Специјален едукативен камп за планинарење на лица со попречености„ | Проектот е реализиран. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за | 80.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 80.000,00 |
| | | | |
| ЗГ „Тајните на моето срце„ Охрид | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа | 150.000,00 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Социјализација и инклузија на деца со ПОП | на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | Буџет на општина Охрид | |
| Здружение за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој „ ВО МОЈОТ СВЕТ„ Финансиска поддршка за спроведување на годишен третман на деца од социјално загрозени семејства | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 400.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Здружение на лица со дијабет 1 Охрид | Проектот е реализиран. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 30.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 30.000,00 |
| Образовен додаток за студенти | Активноста ќе се спроведува во текот на месец октомври | 360.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти на државни и приватни училишта и универзитети на лица со ретки болести и посебни потреби | Беше објавен конкурс за доделување на стипендии. Стручна комисија ги разгледа пристигнатите пријави Градоначалникот на општина Охрид склучи договори со избраните лица. | 873.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Еднократна финансиска поддршка за „згрижувачки семејства„ (финансиската поддршка се дава по згрижено дете и изнесува 10.000,00 денари) | Доделена е финансиска поддршка на згрижувачки семејства од општина Охрид во знак на поддршка на овој процес. Објавен и завршен е јавниот повик доделени се средства на вкупно 5 згрижени деца | 96.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 50.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доделување на еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст кое не е примател на стипендија или друга помош од општина Охрид | Доделена е еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст. На 8 семејства од општина Охрид им се доделени по 15.000 денари | 120.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 120.000,00 |
| **Вкупно:** | | **6.690.700,00** | **2.593.303,00** |

**39 % финансиски реализирано од планирано**

**Број 08-10884/95** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/207** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасување за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/96** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04.2024 ГОДИНА ДО 30.06.2024 ГОДИНА***

Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година бр. 08-18774/25 од 27.12.2023 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по настанати кризи (следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на заштита и спасување, управувањето со кризи и одбраната, спроведување на мерки заради заштита и спасување на луѓе и добра од природни непогоди, координирање на активности во спроведување на мерките за заштита и спаување, ажурирање на проценката на загрозеност, ризици и опасности и ажурирање на планот за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи, подготовка на просторните сили за заштита и спасување и др.активности), континуирана соработка со надлежните органи: Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, подрачните одделенија на сите ресорни министерства, Црвен крст и сите јавни претпријатија на подрачјето на општина Охрид, Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи во периодот од 01.04.2024–30.06.2024 година, ги реализира следните позначајни активности:

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024, врз основа на потребите на граѓаните и на општина Охрид е ангажирана Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид како специјализирана единица за планинско спасување и заштита и спасување на вода во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид.

Во периодот 01.04.2024–30.06.2024 година Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид реализираше:

-Оперативни теренски активности, интервенции и асистенции со човечки, материјални и технички ресурси:
- Покрај оперативните теренски активности, во наведениот период беа спроведени бројни подготвителни активности во однос на претстојната летна туристичка сезона, редовни тренинзи и курсеви за освежување на знаењата на припадниците на ПСС;
- Извршени се неколку интервенции од страна на ПСС за спасување на граѓани и туристи во шумските предели на Галичица.
-Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 во периодот 01.04-30.06.2024 година заврши тендерската постапка за набавка на услуги за чистење на оџаци, димоводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водено греење и огништа-котли за парно греење и на 22.05.2024 година е склучен договор со економскиот оператор ДООЕЛ „Шики”-Битола.

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по настанати кризи, од страна на Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи, реализирани во периодот од 01.04.2024 до 30.06.2024 година, од Програмата $Q_1$, потрошени се вкупно 310.000,оо денари за ангажирање на Планинската спасителна служба, исплатено за март и април 2024 година (2x155.000 ден.) согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2024 година.

*Вкупно потрошени средства од Програмата* $Q_1$ *за периодот 01.04.2024-30.06.2024 година се 310.000 денари. Процентот на реализација на* Програмата за заштита и спасување на општина Охрид, (Програма $Q)_1$ *заклучно со 30.06.2024 година е 39.77 % (проценти).*

**Број 08-10884/97** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/208** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/98** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04.2024 ГОДИНА ДО 30.06.2024 ГОДИНА*

Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година бр. 08-18774/26 од 27.12.2023 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, се извршуваат тековни работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа и спроведување на активности и мерки за чување и унапредување на здравјето и безбедноста на вработените во општина Охрид, вклучувајќи заштита од професионални ризици, унапредување на условите за работа, прилагодување на

работниот процес кон способноста на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, замајќи ја во предвид природата на работата. Сите активности од областа на безбедност и здравје при работа се превземаат со цел да овозможи безбедна средина и здравје при работа на вработените во општина Охрид, подобрување на мерките за безбедност и здравје при работа, процена на секој вид на ризик за сите работни места, безбедносни мерки за контрола на ризици и елиминирање на штетни последици, превентивни мерки за намалување на повреди на работно место, позитивна работна култура, подобро здравје на работа и подобар квалитет на живот на вработените во општина Охрид.

Во периодот од 01.04.2024–30.06.2024 година, Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи на општина Охрид започна тендерски постапки за набавка на услуги за извршување стручни работи од областа на безбедност и здравје при работа и технички преглед и испитување на нисконапонска електрична инсталација за потребите на општина Охрид и тендерска постапка за набавка на услуги за испитување и одржување и сервисирање на опрема за противпожарна заштита (ПП апарати, хидранти и хидрантски црева, противпожарна централа).

На 13.06.2024 година е склучен Договор за дел 2-Технички преглед и периодично испитување на лифт и хидраулична платформа со економскиот оператор Стјуарт Инспект ДООЕЛ Скопје.

## Финансиски дел од извештајот

Во периодот 01.04.2024-30.06.2024 започнати се тендерски постапки за набавка на услуги согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година и во овој период не се реализирани финансиски средства од Програмата $Q_0$ за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година.

**Број 08-10884/99**
**29.08.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/209** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА

### Член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/100** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

## И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 – 30.06.2024 ГОДИНА

Советот на општина Охрид на ден 27.12.2023 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2024 година. Во Програмата за работа, активностите на Совеот на општина Охрид за 2024 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (јануари, февруари и март)
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)
**ТРЕТО ТОМЕСЕЧИЕ** (јули, август и септември)
**ЧЕТВРТТО ТОРМЕСЕЧИЕ** (октомври, ноември и декември)

Во првото тромесечие беа одржани:

**ТРИЕСЕТ И СЕДМАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 30.01.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 10 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка. Советот усвои 11 Одлуки.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 2 точки, но седница на комисија не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 6 точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа.

Комисија за јавни и комиунални дејности – Беа предложени 4 точки. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за заштита на животна средина – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.

**ТРИЕСЕТ И ОСМАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 13.02.2024 година. За работа на оваа седница беше предложена 37 точки. Советот усвои 1 Програма и 36 Одлуки.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 35 точки на дневен ред и сите беа усвоени.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 2 точки. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**ТРИЕСЕТ И ДЕВЕТТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 14.03.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 86 точки. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка – 1 Предлог Програма. Советот усвои 86 точки и тоа 82 Одлуки и 4 Програми, а не усвои 1 Предлог Одлука.

Комиисија за јавни и комунални дејности – Беа предложена 20 точки. Беа усвоени 18 точки, а две не се разгледуваа бидејќи немаше претставници.

Комиисја за урбанизам – Беа предложени 21 точка и сите беа усвоени.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 64 точки. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 25 точки, но седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за туризам и локален економски развој – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложена 2 точка на дневен ред и истите не беа усвоени.

Комисија за еднакви можности – Беше предложена 1 точка на дневен ред.

Комисија за млади и спорт – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Во периодот од 01.01.до 31.03.2024 годин Советот одржа 3 седници.
За работа на сите седници беа предложени вкупно 133 точки.
Дневниот ред беше дополнет со 2 точки
Советот не усвои 1 Предлог Одлука.
Советот усвои вкупно 134 точки и тоа 129 Одлуки, и 5 Програми.

Во првото тромесечие беа одржани

**ЧЕТИРИЕСЕТТАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 16.04.2024 година.За работа на оваа седница беа предложени 16 точки. Советот усвои 14 Одлуки, 1 Програма и 1 Заклучок.**

**Комисија за јавни и комунални дејности**- Беа предложени 6 точки.Членовите на Комисијата усвоија 2 Предлог Одлуки и 1 Предлог Заклучок.

**Комисија за урбанизам** –Беа предложени 9 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за урбанизам не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет -** Беа предложени 9 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 23.05.2024 година.За работа на оваа седница беа предложени 47 точки. Советот усвои 42 Одлуки и 5 Програми**.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на комисијата.

Комисија за јавни и комунални дејности- Беа предложени 20 тпчки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 17 точки од дневниот ред, а 3 не беа разгледувани бидејќи немаше претставници.

Комисија за млади и спорт - Бидејќи немаше кворум, седница на комисијата за млади и спорт не се одржа.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 15 точки.Членовите на Комисијата усвоија 12 точки, а 3 не се разгледуваа бидејќи немаше претставници. .

Комисија за туризам и локален економски развој – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 5 точки на дневен ред.

Комисија за финансии и буџет- Беа предложени 41 точка на дневен ред- Беа усвоени 22 точки од дневниот ред.14 точки не се усвоија, а 5 точки не се разгледуваа.

ЧЕТИРИЕСЕТ И ВТОРАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 18.06.2024 година. За работа на оваа седница беа предложени 3 точки. На оваа седница беа усвоени 2 Одлуки.

Комисија за верификација, избори и именување- Беа предложени 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Поради неспоивост на функцијата член во Советот на општина Охрид со функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, беше констатиран престанок на мандат на Сашо Донев од член на Советот на општина Охрид.

За Претседател на Советот на општина Охрид беше избран **ПЕРЧО БОЖИНОВСКИ**.

Во периодот од 01.04.до 30.06.2024 годин Советот одржа 3 седници.
За работа на сите седници беа предложени вкупно 66 точки.
Советот усвои вкупно 66 точки и тоа 58 Одлуки, 6 Програми.и 1 Заклучок.

**И З В Е Ш Т А Ј**

За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид,
програма А0- Совет на Општина Охрид за период 01.01-30.06.2024 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2024 година за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 129.720.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 102.794.601,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи, заклучно со првиот квартал 2024 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 3.713.587,оо денари.

За наведениот период во делот за членарини во странски организации исплатени се вкупно 54.080,оо денари кон Организацијата за светско културно наследство членарина за 2024 година и 1.069.284,оо ден. членарина кон домашни организации- Зелс 514.280,оо ден и 555.004,оо ден.кон Југозападен плански регион. Од програмата Совет како директна финансиска помош согласно барањата на јавните претпијатие за субвенционирање на дел од нивните трошоци од контото субвенции за јавни комунални претпријатија трансфериран е вкупен износ од 15.600.000,оо ден. итоа, за ЈП „Водовод“ 3.500.000,оо ден. за ЈП „Градски Пазар“ 8.100.000,оо ден. за ЈП „Нискоградба“ 1.500.000,оо ден. и 2.500.000,оо ден. кон ЈП „Градски Гробишта“.

По основ плаќање по судски решенија, средства кои беа предвидени во оваа програма, средства предвидени за конечна и целосно раздолжување на општината во наведениот период исплатени се 85.491.141,оо ден.

Во анализираниот период од контото други трансфери исплатени се вкупно 1.731.000,оо денари од кои износ 626.348,оо денари исплатени согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за помош за новородено дете, износ од 663.000,оо денари исплатено по решение за членовите на комисијата за донесување на урбанистички планови, 132.000,оо ден. исплатени средства по решение за членовите на комисијата за унапредување и заштита на правата на пациентите како и 24.000,оо ден. за парична помош согласно решение на комисијата за доделување ваков тип на средства.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2024 година до 30.06.2024 година има извршено 79,24 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2024 година, но притоа треба да се има предвид дека во вкупниот буџет на програмата најголем дел 85.491.141,оо односно 65,90 % од вкупниот буџет на оваа програма беа предвидени за исплата на средства по судски решенија и раздолжување на Општина Охрид и истите уште на почетокот на овој квартал се реализирани поради што и процентот на реализација на оваа програма е висок.

**Број 08- 10884/101**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божинопвски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/210** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/102** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

## ШЕСТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ОД 01.01.2024 ДО 30.06.2024 година
## ПРОГРАМА J8
## ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2024 ГОДИНА

Во извештајниот период од 01.01 до 30.06. 2024 година Секторот за комунални дејности согласно усвоената програма ги спроведе следните активности:

- ✓ Спроведен стручен визуелен преглед на постојните канали и речни корита во градот како основ за утврдување на потребните активности кои треба да се спроведат во насока на обезбедување на функционалност на истите;

- ✓ Спроведени се активности согласно располжливата механизација за чистење на диви депонии и други загрозувачки локалитети;
- ✓ Извршено е испитување од овластена фирма на дел од проблематичните канализациони системи. Вооедно, дел од тие системи хидродинамички се исчистени;
- ✓ Започната е постапка за регулација на речен канал на река Грашница и Суводолица ;
- ✓ Извршен е увид на функционалноста на атмосферските канализациони мрежи .

Во овој период спроведена е постапка за дезинсекција, дезинфекција и дератизација на територија на Општината согласно планот за делување утврден од Центарот за јавно здравје Охрид.

Направените трошоци се прикажани во следниот табеларен приказ.

## Други комунални услуги

| Ред. Бр. | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Исплата на средства од претходни години за рушење на објекти | 3.000.000,оо | | 3.000.000,оо | | | 3.000.000,оо |
| 2. | Исплата на средства за набавена градежна механизација | 3.000.000,оо | | 3.000.000,оо | | | 3.000.000,оо |
| 3. | Изградба и уредување на речни корита ( Сушица и Коселска Река) | 2.500.000,оо | | | | | |
| 4. | Машинско и рачно чистење и одржување на речни корита, суводолици и канали на територија на Општина Охрид | 2.000.000,оо | 494.420,оо | 560.000,оо | | | 1.054.420,оо |
| 5. | Машинско и рачно чистење на диви депонии на територија на Општина Охрид,свлечишта и одрони | 500.000,оо | 289.000,оо | 105.000,оо | | | 394.000,оо |
| 6. | Изнајмување на мобилни тоалети | 300.000,оо | | 128.000,оо | | | 128.000,оо |
| 7. | Новогодишно украсување | 1.800.000,оо | 1.770.000,оо | | | | 1.770.000,оо |
| 8. | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 800.000,оо | | 620.000,оо | | | 620.000,оо |
| 9. | Хидродинамичко пробивање на цевоводни системи, шахти, таложници со специјални возила и опрема | 1.000.000,оо | | 670.000,оо | | | 670.000,оо |
| ВКУПНО: | | **14.900.000,оо** | **2.553.420,оо** | **8.083.000,оо** | | | **10.636.420,оо** |

| Динамика за извршување на плански активности од подпрограма **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** за 2022 година | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
| авиозапрашување против комарци<br>-I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br><br>-II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција) | ✓ мај/јуни ( во зависност од временските прилики)<br>✓ јули |
| теренско запрашување против комарци на крајбрежен појас на Охридско езеро како и делови од речните корита<br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br><br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција)<br>III –то запрашување ( адултицидна дезинсекција) | ✓ април/мај ( во зависност од временските прилики)<br>✓ јуни<br><br>✓ јули/август |
| дератизација на канализациски систем<br>I –во третирање<br>II –ро третирање | ✓мај<br>✓октомври |

**Број 08-10884/103**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/211**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2024 година за периодот од 01.01. до 30.06.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/104**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**ШЕСТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2024 ДО 30.06.2024 година**
**ПРОГРАМА ГД**
**ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

**Предговор**

Програмата за енергетска ефикасност на општина Охрид е направена како Законска обврска и е во континуитет за продолжување на проектите за објектите под надлежност на Општината. Превземањето на мерки за енергетска ефикасност од една страна ќе ги ублажи климатските промени, а од друга страна ќе и помогне на економијата со намалување во трошоците кои произлегуваат како производството така и од увозот на енергија чија цена на светскот пазар е со тенденција на пораст.

Со изработката на Програмата за Енергетска Ефикасност на Општината (ОПЕЕ), општината има за цел рационално и ефикасно да ги користи сите видови на енергија и на тој начин да оствари заштеда во буџетот, а со тоа постои можност за пренасочување на финансиските заштеди во подобрување на останатите сектори во општината.

Со намалување на потрошувачката на енергија во објектите под ингеренција на Општината, се намалуваат финансиските трошоци за енергија и се придонесува за подобрување на услугите и квалитетот на живеење на жителите во општината.

Целта на изготвување на Програмата за енерг. ефикасност на Општина Охрид е:

- да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува

- да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во општината.

Квалитативните и квантитавните информации се собираат за објектите од Општината и уличното осветлување под општинска одговорност. Овие собрани податоци, коишто се внесени во базата на податоци, се анализирани и како резултат се презентирани главните заклучоци во оваа програма.

Изготвувањето на Програма за енергетска ефикасност е законска обврска на секоја општина во државава, дефинирана во Законот за Енергетика. Имено, според овој закон, политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со тригодишни Програми, како и со годишни Планови за енергетска ефикасност, кои треба да бидат во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

### Буџет за реализација на проектна документација за ЕЕ за 2024 година

Заради потребата годишната програма да соодветствува на реалните можности, се планира за следната 2024 година реализацијата од сопствени средства да изнесува 600.000 денари, а средствата потребни за непосредна реализација да се обезбедат комбинирано, како и сопствени така и од надворешни извори.

| Опис | Предвидени средства за Е. Е. (ден/год.) | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Сопствени средства за:** | 600.000,00 | | | | |
| 1.1.Основни Проекти за поставување на фотоволтаични станици | * | | | | |
| 1.2. Консултантски услуги | 100.000,00 | | | | |
| 1.3. Изготвување на Проектна Програма за изработка на основен проект за станица на гас | 70.000,00 | | | | |
| 1.4.Исплата на | 400.000,00 | 325.375,оо | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| средства за изработена тригодишна програма за ЕЕ 2024-2026, изработка Проекти за Ен. Еф. | | | | | |
| 1.5. Годишно одржување на три фото напонски станици: Општина зграда, ОУ во с. Пештани и ОУ с. Велгошти | 30.000,00 | | | | |
| **2. Надворешни извори (капитал)** | ------ | | | | |
| **Вкупно:** | 600.000,00 | 325.375,oo | | | |

(*) начинот и висината на финасирање на Основните Проекти ќе биде утврден по изработка на физибилити студија за начинот на финансирање на изградба на фотостаниците.Во текот на 2023 година, Општина Охрид, по пат на јавна набавка изработи, преку соодветни проектантски бироа: тригодишната програма (изработена од Центарот за енергетска ефикасност МАЦЕФ - Скопје) за енергетска ефикасност 2024-2026, како и физибилити студии за поставување на фотоволтаични станици на објектите под ингеренција на општината како и за станица за гас на потегот Гимназија, ОУ Григор Прличев, Градинка, Економско средно уч. и административна зграда на Општината. Следните фази се изработка на основни проекти (предвидени со буџетот за 2024 г.), финансиска инвестициона конструкција и секако, реализација.

### Учесници и извршители на програмата: Тим за енергетска ефикасност

Како дел од стратегијата за енергетска ефикасност, општината ќе формира тим за Енергетска Ефикасност (ЕЕ тим) на локалната администрација. Тимот за ен. ефикасност е одговорен за работата поврзана со енергетската ефикасност со следните надлежности:

- Да координира и спроведува проекти за енергетска ефикасност во општината и да следи и да доставува извештаи за остварените резултати;
- Да учествуваат во планирање на општинскиот буџет за трошоците за енергија и одржувањето на објектите во надлежност на општината, како и јавното осветление;
- Да работи и управува со базата на податоци на јавните објекти и следењето;
- Да иницира и координира активности со владини и невладини организации за спроведување на проекти за енергетска ефикасност како и донаторски организации и фондови коишто подржуваат локален развој;
- Да помага при подготовка на тендерски документи и да соработува со надворешни експерти и консултанти за енергетски прегледи, управување со проекти, итн.

- Тимот го предводи раководител на тимот, а описот на неговите работни задачи и на останатите членови, да се дефинираат и соодветно да се ажурираат по потреба.

**Раководител на Тимот за Енергетска Ефикасност (Раководител на Проект)**

Успехот на Програмата е целосно зависен од посветеноста, учеството и ангажираноста на Раководителот на Тимот за Енергетска Ефикасност. Покрај другите, основни задачи на раководителот на тимот за енергетска ефикасност се:

- Да управува со проекти за развој на ОПЕЕ во општината;
- Да ги одредува улогите, одговорностите и мандатите на ЕЕ Тимот;
- Да ја објаснува содржината и да ги распределува задачите во ЕЕ Тимот, а доколку е потребно, да покани и други личности од општината како привремени членови на тимот или да ангажира надворешни советници;
- Да ја следи и навремено да известува за напредокот на Програмата до Градоначалникот;
- Да дава извештаи за напредокот и развојот на ОПЕЕ пред советот на Општина Охрид;
- Да ја следи употребата и надградувањето на базата на податоци и соодветното ажурирање на податоците за потрошувачка на енергија во општинските објекти.

**Членови на Тимот за Енергетска Ефикасност (ЕЕ тим)**

Членовите на Тимот за Енергетска Ефикасност треба да соработуваат за извршување на задачите, да ги одредуваат задачите и да ги контролираат резултатите. Општи одговорности на членовите на тимот за енергетска ефикасност се:

- Поврзување на ОПЕЕ со визијата и стратегијата за развој на општината и истражување на правната рамка за развој и спроведување на Програмата;
- Одредување, следење и ажурирање на долгорочните цели како и среднорочните цели за 2024-2026;
- Да работат на формирање и управување со базата на податоци, собирање и чување на податоците (типовите на градба на објекти, технички системи, енергетски системи, извори на енергија и уреди, како и со основните начела кои се однесуваат на администрацијата во објектите);
- Собирање и анализирање на неопходните факти и основни информации за идентификација на пречките и подготовка на Нацрт документи за Општинскиот Совет за развој на Програмата за Енергетска Ефикасност;
- Опишување/ажурирање на состојбата во општината за објектите под општинска надлежност и потрошувачката на енергија, правење на основни проценки и пресметка на потенцијалите за енергетска ефикасност во општината;
- Развивање на акциски планови за енергетска ефикасност за секоја година, вклучувајќи финансиски предвидувања и потреби за финансирање од рамките на буџетот на општината со детален опис на активностите и временски распоред, инвестициони заштеди, профитабилност, влијанија врз човековата средина, подобрување на квалитетот на општинските услуги и дополнителни придобивки;
- Развивање на финансиски план за спроведување на ОПЕЕ, вклучувајќи финансиски шеми, финансиски извори, капитал (извори од буџетот на општината), можни финансиски институции, донаторски програми, фондови со посебна намена, итн;
- Организирање и спроведување на Програмата со вклучени инвестиции, распореди, трошковни планови, учесници и спроведувачи на програмата, модалитети за изведба на програмата (подизведувачи и советници);

- Вршење на мониторинг и контрола за утврдување на енергетската состојбата во општинските објекти и јавното осветление;
- Организација на следење, проценки и известување за развојот на Програмата.

**Табела: Спроведување на проекти за Енергетска ефикасност вклучени во акцискиот план**




За успешно функционирање на сите учесници во спроведување на ОПЕЕ, потребно е нивна меѓусебна и постојана комуникација како што е прикажано на горната слика.

**Резиме**

Политиката на Општината, во областа на енергетска ефикасност се утврдува со Програма за енергетска ефикасност, усогласена со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. Активностите на Општина Охрид ќе се насочат кон реализација на главната цел на политиките на ЕУ, односно намалување на годишната потрошувачка на примарна енергија, согласно предложените мерки од Европската комисија, за зголемување на ефикасноста во сите сегменти во синџирот на енергија: генерација, трансформација, дистрибуција и финална потрошувачка.

**Број 08-10884/105**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Доколку се анализира остварениот приход во делот изворни приходи- основен буџет кој е во директна зависност од способноста и ангажираноста на стручните служби во постапката на прибирање на овие приходи, износот од 479.191.189,оо ден. покажува остварување од 48,99 % при што може да се констатира дека општина Охрид во делот на основниот буџет за вториот квартал има одличен процент на реализација во рамките на очекувањата. Буџетските приходи од делот на основниот буџет, на високо ниво се остваруваат во делот на даноците на имот и трансферите и донациите, додека во делот кај неданочните приходи и капиталните приходи овој процент е на пониско ниво. Во периодот кој следува стручните служби во групите на приходи каде има отстапување во смисла на помало остварување, треба да превземат соодветни активности и мерки за нивно подобрување и зголемување на процентот на остварување на овие приходи. Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се забележи остварувањето пооделно по видови на приходи. Освен во делот за кој зборувавме претходно во другите групи на приходи проектирани со буџетот на општина Охрид доколку се задржи сегашниот тренд на нивно остварување согласно законските рамки кои ја дефинираат оваа проблематика нареден чекор во процесот на буџетирање би бил ребаланс односно корекција на

планираните приходи во постојниот буџет во смисла на зголемување на планираните приходи согласно член 22 точка 5 од ЗФЕЛС.

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

**Табела 1**

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2024** | **Остварено во втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **614.058.000** | **308.679.995** | **50,27** |
| **Самофинансирачки приходи** | **30.729.765** | **10.045.306** | **32,69** |
| **Даночни приходи** | **495.115.000** | **253.755.814** | **51,25** |
| **Неданочни приходи** | **37.100.000** | **11.323.889** | **30,52** |
| **Капитални приходи** | **22.500.000** | **6.786.183** | **30,16** |
| **Приходи од донации** | **42.566.225** | **15.897.330** | **37,35** |
| **Трансфери и донации** | **423.455.000** | **207.325.303** | **48,96** |
| **Кредити** | / | / | / |
| ***Вкупно*** | ***1.665.523.990*** | ***813.813.820*** | ***48,86*** |

Податоците во табела укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на пооделните групи приходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што во поголема мера отстапуваат од планираното со буџетот за 2024 година. Приходите по основ на блок односно наменски дотации,согласно утврдените проекции и тековното ниво на остварување а имајќи ја во вид и природата на овие приходи за очекување е до крајот на годината во целост да бидат реализирани.

Средствата по основ самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на буџетските корисници. Од податоците за извршувањето во прегледот согласно остварувањето со овој квартал може да кажеме дека остварувањето на овој тип на приходи значително отстапува од проектираните приходи и како и претходно и овој пат ја нагласуваме потребата за пореално планирање на овој тип на приходи за што сме укажале како стручна служба во повеќе наврати на буџетските корисници.

Превземање на мерки за подобрување или задржување на трендот на остварување односно прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би требало да биде приоритет а она што треба да се има предвид е сензитивноста на периодот кој следи, поради што е потребно да се превземат сите мерки за усогласување на отстапувањата во буџетските проекции за до крајот на оваа буџетска година.

**Графикон бр.1**




*Графикон бр.2*




Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2023 година.

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2023** | **Остварено во втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **584.871.000** | **273.496.127** | **46,76** |
| **Самофинансирачки приходи** | **30.469.850** | **9.732.236** | **31,94** |
| **Даночни приходи** | **425.834.206** | **271.404.410** | **63,73** |
| **Неданочни приходи** | **29.600.000** | **25.593.726** | **86,46** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Капитални приходи** | **73.855.000** | **67.658.030** | **91,60** |
| **Приходи од донации** | **46.020.293** | **12.771.869** | **27,75** |
| **Трансфери и донации** | **162.410.794** | **59.997.247** | **36,94** |
| ***Вкупно*** | ***1.353.061.143*** | ***720.653.645*** | ***53,26*** |

**Графикон бр.3**




Споредбено 2024 год. во однос на 2023 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи согласно унифицираниот К1 образец и установената методологија од страна ма МФ за пресметка и приказ на приходите (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2023 год. 424.653.413,оо денари
- остварување во 2024 год. 479.191.189,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2024 год. е за 12,84 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2023 година.

Споредбено 2024 год. во однос на 2023 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2023 год. 720.653.645,оо денари
- остварување во 2024 год. 813.813.820,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2024 год. е за 12,92 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2023 година.

Процентуалниот удел во вкупно проектираните и реализирани приходи за 2023 и 2024 година е прикажан во графикон бр.4.

**Графикон бр.4**




Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта во пропишана форма се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.06.2024 година.

***Расходи***

При планирањето на активностите и програмите во буџетот битен момент е структурата на расходите. Структурата на расходите покрај законски утврдените надлежности на општината произлегува и е зависна и од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со нив. Генерално гледано во однос на буџетирањето и она што е карактеристика за повеќето општини во Македонија е фактот дека повеќето од општините се соочуваат со недоволно сопствените приходи кои произлегуваат од слабиот фискален капацитет на општините и ситуација каде што прибраните приходи со годишните буџети генерално се доволни за покривање на тековните расходи но не и во делот за капитални расходи. Овој процес посебно е карактеристичен за помалите и руралните општини поради што тие своите капитални проекти ги финансираат со големо учество на капиталните трансфери од централниот буџет и фондовите, меѓутоа тоа трансферирање ја задушува финансиската автономија на локалните власти. Структурата на расходите генерално во општините се разликува во зависност од тоа, дали се разгледува вкупниот или основниот буџет, но во основа генерален заклучок е дека капиталните расходи во најзначителен дел се реализираат и финансираат од сопствени средства. Тоа е поизразено кај поголемите општини, што е логично, имајќи го во предвид нивниот

фискален капацитет. Со преземање на надлежностите во делот од социјалата и образованието со влегување на општините во втората фаза од процесот на фискална децентрализација, видно се менува и структурата на расходите во буџетите на општините.

Остварувањето, висината како и динамиката на вкупните расходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби.

Јавните расходи според економската класификација, може да ги поделиме на тековни расходи, капитални расходи и други расходи. Оваа класификација и поделба е основа за изготвување на буџетот на локалните самоуправи, а врз основниот принцип на буџетска рамнотежа помеѓу приходите и расходите. Тековните расходи опфаќаат расходи за исплата на плати и надоместоци на вработените во администрацијата, набавка на разни стоки и услуги, расходи за режиски трошоци неопходни за функционирање на локалната самоуправа и нејзините органи, трошоци за социјални бенефиции, субвенции и трансфери и секако тука влегуваат и резервите и недефинираните расходи. Во капиталните расходи влегуваат сите оние инвестиции, кои имаат своја улога во развојот на општеството и се однесуваат на инфраструктурни вложувања. Тие расходи ги опфаќаат трошоците за набавка на опрема, набавка или изградба на градежни објекти, вложувања во нефинансиски средства за истражување и развој и слично, вложувања кои придонесуваат и водат кон подобра иднина на граѓаните. Токму поради ваквите карактеристики на овие расходи, по дефиниција, сите локални власти како и централните настојуваат овие расходи да бидат доминантни при планирањето на буџетите, но за жал овие расходи се распределуваат во буџетот откако ќе бидат распределени тековните расходи неопходни за функционирање на локалната самоуправа.

Структурата на расходите во најголема мерка кај локалните самоуправи е зависна од овластувањата кои ги имаат локалните самоуправи и јавните услуги кои ги обезбедуваат а најчесто тие се во областа на комуналната сфера, уличното осветлување, изградба и реконструкција на локалната инфраструктура и сл. Структурата на расходите се менува со влегувањето на општините во втората фаза од процесот на децентрализација. Структурата на расходите во голема мерка е зависна од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со истите. Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето поодделно по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 30.06.2024 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства-основен буџет) распределени по програми прикажани се во следната табела:

| | ***Program*** | ***Planirano*** | ***Ostvareno*** | ***%*** |
|---|---|---|---|---|
| Ao | Совет на општина | 129.720.000 | 102.794.601 | 79,24 |
| Do | Градоначалник | 4.345.000 | 1.803.603 | 41,51 |
| Eo | Општинска администрација | 221.714.886 | 105.652.846 | 47,65 |
| EA | Општинска адм. – капитал.инвест. расх | 7.200.000 | 2.109.031 | 29,29 |
| F1 | Урбанистичко планирање | 2.500.000 | 87.525 | 3,50 |
| F2 | Уредување на грдежно земјиште | 3.800.000 | 3.088.500 | 81,28 |
| FA | Уредување на грд. земјиште (капит) | 210.680.000 | 96.663.896 | 45,88 |
| G1 | Поддршка на ЛЕР | 5.120.000 | 1.438.557 | 28,10 |
| G2 | Потт. На развојот на туризмот | 9.109.000 | 3.144.311 | 34,52 |
| GD | Проекти за енергетска ефикасност | 600.000 | 325.375 | 54,23 |
| J0 | Одр. Урбана опрема | 300.000 | / | / |
| J3 | Јавно осветлување | 62.650.000 | 41.969.753 | 66,99 |
| J4 | Јавна чистота | 14.232.072 | 13.529.928 | 95,07 |
| J6 | Оддржувањењ и заштита на пат. и улуци | 8.300.000 | 784.870 | 9,46 |
| J7 | Оддрж. и корист. на паркови и зелен | 10.756.536 | 4.337.143 | 40,32 |
| J8 | Други комунлни услуги | 8.400.000 | 4.844.537 | 57,67 |
| JA | Изградба на јавно осветление | 4.000.000 | 2.120.437 | 53,01 |
| JF | Изградба на сообр. сигнализација | 7.950.000 | 2.532.307 | 31,85 |
| JL | Др. Комунални услуги (капит.расх) | 6.500.000 | 3.000.000 | 46,15 |
| JM | Паркови и зеленило (капит.расходи) | 530.000 | / | / |
| JN | Урбана опрема (капит.расходи) | 9.950.000 | 5.328.602 | 53,55 |
| K4 | Култ.манифестации и творештво | 11.705.000 | 3.513.232 | 30,01 |
| KA | Култ.манифес. и твореш(капит.р) | 150.000 | / | / |
| L0 | Спорт и рекреација | 54.195.000 | 36.146.467 | 66,70 |
| LA | Спорт и рекреац (капит.расход) | 275.000 | / | / |
| N1 | Основно образование | 31.150.000 | 18.157.608 | 58,29 |
| N2 | Средно образование | 3.500.000 | 981.314 | 28,04 |
| NA | Основно образование (капит. Рас) | 95.500.000 | 1.610.164 | 1,69 |
| Q0 | Заштита и спасување и БЗР | 2.548.806 | 994.740 | 39,03 |
| R1 | Заштита на животна средина | 4.880.000 | 994.780 | 20,38 |
| T1 | Унапредување на здрав.заштита | 6.259.700 | 3.312.327 | 52,92 |
| V1 | Детски градинка | 11.500.000 | 3.863.670 | 33,60 |
| W0 | Противпожарна заштита | 27.649.000 | 14.061.065 | 50,86 |

Податоците во табелата укажуваат на разноликост во процентите на извршување и реализација по пооделни програми, но тоа што треба тука да се нагласи е потребата од разграничување помеѓу помеѓу финансискиот дел, извршувањето на буџетот за наведениот период и активностите кои се извршуваат во истиот период, сето тоа поради фактот што активностите и проектите кои се реализираат во тековниот квартал по дефиниција предизвикуваат финансиски импликации во некој друг период односно квартал, кога се комплетира финансиската документација и се врши сметководствен третман на истата.

**Број 08-10884/121** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ГРАД ПУЛА-ПОЛА, РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за збратимување на општина Охрид, Република Северна Македонија и град Пула-Пола, Република Хрватска, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/220** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ((„Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ГРАД ПУЛА-ПОЛА, РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

**Член 1**

Општина Охрид се збратимува со Град Пула Пола, Република Хрватска.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Охрид Кирил Пецаков да го потпише актот за збратимување на градовите.

**Член 3**

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените градови од член 1 на оваа одлука ќе се утврди со посебен протокол.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/122** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отстапување недвижен имот на времено користење на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/221** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 ст.1 т.10 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 21 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука општина Охрид на ЈП „Билјанини извори“ отстапува на времено користење недвижен имот, земјиште и тоа на:

- КП.бр.5642/11 и КП.бр.5634/1 во КО Охрид 4 во место викано „Студенчишта“ кој недвижен имот ќе биде користен за сидрење и паркирање на пловни објекти;
- КП.бр. 5613/1, КП.бр. 5613/2, КП.бр. 5613/3 и КП.бр. 5613/4 во КО Охрид 4 во место викано „Студенчишта“ кој недвижен имот ќе биде користен за паркирање на пловни објекти т.н „Сува марина“ и паркинг простор за паркирање на моторни возила.

**Член 2**

Наведениот имот се отстапува на времено користење за времетраење од 3 (три) години со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на општина Охрид.

**Член 3**

Наведениот имот се отстапува на ЈП „Билјанини извори“ Охрид без надомест.

**Член 4**

ЈП „Билјанини извори“ Охрид ќе ги сноси сите тековни режиски трошоци за користење на недвижниот имот.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да склучи договор со ЈП „Билјанини извори“ Охрид со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на имотот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“

**Број 08- 10884/123**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиноски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА МЛАДИТЕ ВО ОХРИД“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на информацијата за реализација на проектот „Зајакнување на улогата на младите во Охрид“, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/222**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА МЛАДИТЕ ВО ОХРИД“**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за реализација на Проектот „Зајакнување на улогата на младите во Охрид“ кој е дел од Програмата за млади и невладини организации, а е финансиран од УНДП.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/124** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД (2024 - 2029).**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување стратегија за развој на женско претприемништво на општина Охрид (2024 - 2029), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/223** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз онова на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД (2024 -2029)**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Охрид ја донесува Стратегијата за развој на женско претприемништво на општина Охрид (2024-2029)

Стратегијата е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08- 10884/125**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024-2026 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2024-2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/224**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024-2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Развојната програма за

изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2024-2026 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-18774/20 од 27.12.2023 год.

**Во делот IV-3**

- **По точка 29. Се додава точка 30, потточка 30.1**

| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **30** | **Урбан Блок 16.2** | |
| 30.1 | ДУП во УЗ 16 УБ 16.2 опфат 2 | Прив. иницијатива |

**Член 2**

Оваа Програма за измени и дополнување на Развојната Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/126** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ГРАНИЦАТА НА ДВЕ СОСЕДНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ГП 240 И ГП 241 ВО ДУП ЗА СТАНБЕНА НАСЕЛБА „БЕЈБУНАР 1" ОХРИД ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА - ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели ГП 240 и ГП 241 во ДУП за станбена населба „Бејбунар 1" Охрид измени и дополнувања - општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/225** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11,

09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ГРАНИЦАТА НА ДВЕ СОСЕДНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ГП 240 и ГП 241 ВО ДУП ЗА СТАНБЕНА НАСЕЛБА "БЕЈБУНАР 1 " ОХРИД ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА - ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата **на две соседни градежни парцели ГП 240 и ГП 241 во ДУП за станбена населба "Бејбунар 1 " охрид измени и дополнувања - општина Охрид,** со тех.бр. 023/24 од јули 2024, изработен од Друштво за проектирање и градба „СНЕГАР КОМПАНИ“ ДООЕЛ Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 59348.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF верзија
- План за парцелација - тех.бр.023/24 од јули 2024,
- Позитивно мислење бр. 19- 1682/5 од 26.07.2024 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/127**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиноски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1, ГП 2 И ГП 3 ФОРМИРАНИ ВО ДУП ЗА 11-ТА УЕ, МЗ ВИДОВИШТА ВО КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1, ГП 2 и ГП 3 формирани во ДУП за 11-та УЕ, МЗ Видовишта во КО Охрид 4, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/226** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1, ГП 2 и ГП 3 ФОРМИРАНИ ВО ДУП ЗА 11-ТА УЕ, МЗ ВИДОВИШТА ВО КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Се донесува урбанистички проект со план за парцелација за **за ГП 1, ГП 2 и ГП 3 формирани во ДУП за 11-ТА УЕ, МЗ Видовишта во КО Охрид 4, Општина Охрид** со тех.бр. 09/2024 од јули2024, изработен од , НЈУ-ВИЖЕНЗ- ДОО Охрид од системот е-урбанизам како број на постапка 60551.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF верзија
- План за парцелација - тех.бр.09/2024 од јули 2024,
- Позитивно мислење бр. 19-3572/6 од 30.07.2024 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/128** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиноски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ** ГП **1,** ГП **2 И** ГП **3 ФОРМИРАНИ ВО** ДУП **ЗА** УЕ **15-ТИ** КОРПУС **ОПШТИНА** ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за градежни парцели ГП 1, ГП 2 и ГП 3 формирани во ДУП за УЕ 15-ти Корпус општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/227**
**29.08.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ГП 1,ГП 2 И ГП 3 ФОРМИРАНИ ВО ДУП ЗА УЕ 15-ТИ КОРПУС ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува урбанистички проект со план за парцелација за **градежни парцели гп 1 ,гп 2 и гп 3 формирани во ДУП за УЕ 15-ти Корпус општина Охрид** со тех.бр. У-02/24 од август 2024, изработен од Друштво за производство, трговија, проектирање и градежништво “СТУДИО ГЕРМАН3 - ДООЕЛ Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 60954

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF верзија
- План за парцелација - тех.бр.У-02/24
- Позитивно мислење бр. 19-4264/5 од 09.08.2024 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/129** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиноски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ГП 2.18 И ГП 2.19 ФОРМИРАНИ ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ-15 КОРПУС - ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за градежни парцели ГП 2.18 и ГП 2.19 формирани во ДУП за дел од МЗ-15 Корпус - Охрид општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година.

**Број 09- 10884/228** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ГП 2.18 И ГП 2.19 ФОРМИРАНИ ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ-15 КОРПУС - ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува урбанистички проект со план за парцелација за **градежни парцели ГП 2.18 и ГП 2.19 формирани воДУП за дел од МЗ-15 Корпус – Охрид Општина Охрид** со тех.бр. 12/24 од јули 2024, изработен од НЈУ-ВИЖЕНЗ - доо Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 61498.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF верзија
- План за парцелација - тех.бр.12/24 од јули 2024,
- Позитивно мислење бр. 19-4923/5 од 18.07.2024 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 10884/130** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиноски,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на соинвеститорите Ице Китанчев ул.Д.Влахов бр.45 Охрид и Лена Јовческа ул.К.Точков бб Охрид им се одобрува изградба на А1 индивидуална станбена зграда од Втора категорија, со катност По+Пр+2к+Пк на Гп 2.19 за дел од Кп.15067/1, дел од Кп.бр.15067/4 и дел од Кп.бр.15067/2, КО Охрид 3 согласно извод бр.20-14703/2 од 26.10.2022 год. за ДУП за Урбана заедница 2 У.Б 2.3-опфат 4 Општина Охрид 2010-2015 донесен со Одлука на совет бр.07-6092/37 од 30.06.2014 год.

Божиновски Илче ул.7 ми Ноември бр.268 и Кице Божиновски ул.7 ми Ноември бр.268 Охрид сосопственици на Кп.бр.15087/2 КО Охрид 3, преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Пом.раководител на сектор
Кирил Илоски,с.р.

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Арх Концепт ДООЕЛ Струга со седиште на ул.„Маршал Тито“ бр.1/1 кат ма-1/3 Струга заведено под бр. 20-3453/1 од 01.04.2024 година му се одобрува изградба на колективна станбена зграда ( А2–домување во станбени згради)- објект од Втора категорија со катност По+ Пр+3К на 3К на Г.П. 7.4 формирана од дел од КП.бр.9248/1, дел од КП.бр. 9248/2 и дел од КП.бр. 9248/3 во КО Охрид 2 согласно Урбанистички проект со план за парцелација за Г.П 7.4 во ДУП за дел од УЗ10 и 11 УБ 10.4и 11.1 „Влашка Маала“ и „Градинар“ блок 7 во КО Охрид 2

Општина Охрид одобрен од Градоначалник на општина Охрид со Потврда бр.19-13494/5 од 11.12.2023.

Преку информации добиени од АКН –Подрачно одделение Охрид се известува: **Ѓурѓа Богданоска со адреса ул.„Сава Ковачевиќ“ бр.47 Скопје** како сопственик на соседна парцела Кп.бр.9252/1 во КО Охрид 2 за донесеното Одобрение за градба Уп1бр.20-3453/3 од 25.06.2024 година и се задолжува во рок од 15 денови од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да изврши увид во предметот.

За горе наведеното пратено е Известување до погоре посочениот сосед но истото е вратено од пошта со назнака недоволна адреса.

Врз основа на горенаведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрение за градба на сопственикот на предметната КП.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и**
**управување со градежно земјиште**
**Пом.Раководител на сектор**
**Кирил Илоски,с.р.**

## ЈАВНА ОБЈАВА

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека по барањето на соинвеститорите Трпе Инвест увоз-извоз ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. „Партизанска“ бр. 7, и Геновева Димониевска од Охрид ул.„Питу Гули“ бр. 19, Весна Маркоска од Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр. 9-А-7, Ирена Поповска од Охрид ул. „Бул.Туристичка“ бр. 32 1/6 и Нина Ристеска од Охрид ул. „Лазо Трпоски“ бр. 31 заведено под бр. 20-3562/1 од 28.03.2024 им се одобрува изградба на колективна станбена зграда ( А2–домување во станбени згради)- објект од Втора категорија со катност По+ Пр+3К на Г.П. 7.5 формирана од дел од КП.бр.9250 и КП.бр. 10067/14 во КО Охрид 2, согласно Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели Г.П 7.5 и Г.П 7.6 во ДУП Урбани заедници 10 и 11 Урбани Блокови 10.4 ио 11.1 Влашка Маала и Градинар општина Охрид одобрен од Градоначалник на општина Охрид соПотврда 4670/9 од 12.09.2023 година.

Преку информации добиени од АКН –Подрачно одделение Охрид се известуваат: **Зоре Тасески со адреса Ул.„Сирма Војвода“ бр. 2Б Охрид** како сопственик на соседната парцела Кп.бр. 9252/7 во КО Охрид 2 **и Ѓурѓа Богданоска со адреса ул.„Сава Ковачевиќ“ бр.47 Скопје** како сопственик на соседна парцела Кп.бр.9252/1 во КО Охрид 2 за донесеното Одобрение за градба Уп1бр.20-3562/3 од 11.07.2024 година и се задолжуваат во рок од 15 денови од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот.

За горе наведеното пратени се Известувања до погоре посочените соседи но истите се вратени од пошта со назнака непозната адреса односно со назнака недоволна адреса. Врз основа на горенаведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрение за градба на сопствениците на предметните КП. Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и**
**управување со градежно земјиште**
**Пом.Раководител на сектор**
**Кирил Илоски,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека врз основа на член 58 став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 ,279/20 и 111/23), На соинвеститорите Борис Тодороски со адреса на Бул.Македонски Просветители бр.11А Охрид, Жан Милевски со адреса на Ул.Пожаревачка бр.39 Битола и Мирко Велковски со адреса на Ул.Гоце Делчев бр.49 Битола им се одобрува изградба на станбена зграда -А2 градба од Втора категорија и катност По+Пр+5К на Г.П.8.3.34 формирана од цела Кп.бр.5581/6 КО Охрид 4 согласно Извод бр.20-15328/8 од 12.10.2013 год.од ДУП во УЗ 8, УБ 8.3 Општина Охрид донесен со Одлука бр.08-2409/3 од 15.03.2021 год.

За горенаведеното беше издадено Одобрение за градба 20-5659/3 од 31.07.2024 год.

Согласно член 62- а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издадените одобренија.

Од податоците добиени од АКН Охрид како сосед на локацијата се јавува и правното лице КАСА ГРАДБА ДОО Скопје , но известувањаето се врати од пошта со назнака иселен.

Врз основа на горенаведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрение за градба на непосредниот сосед чие известување не беше уредно доставено. Истиот или нигов застапник по закон во наредните 15 денови од објавата може да извршат увид во предметот или да изјават Жалба против издаденото одобрение до Министерството за транспорт и врски.

Доколку во горенаведениот рок не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и**
**управување со градежно земјиште**
**Помошник раководител**
**Илоски Кирил,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21,104/22 и 99/23) и Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација (донесен од Министерство за транспорт и врски бр. 24-6836/1 од 15.10.2021 г), Општина Охрид, води постапка за изработка и одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за градежни парцели ГП 1 и ГП 3 формирани во План за реализација на 4-та станбена единица – Општина Охрид. Изработувач на проектната документација е

Друштво за производство, трговија, проектирање и градежништво □СТУДИО ГЕРМАН□ - дооел Охрид.

Се известуваат лицата Мухамед Хоџа и Џијат Хоџа со адреса на живеење ул. „Гоце Делчев“ бр. 256, Охрид (согласно имотен лист бр. 102294 и 102295) кои се сопственици на КП 13837/1 и КП 13837/3 КО Охрид 3, односно непосредни соседи на градежната парцела ГП 1 формирана на КП 13847/4, КП 13646/3 и КП 13057/4 КО Охрид 3 во План за реализација на 4-та станбена единица – Општина Охрид дека:

Се изработува Урбанистички проект со план за парцелација за градежни парцели ГП 1 и ГП 3 формирани во План за реализација на 4-та станбена единица – Општина Охрид во кој се почитуваат и задржуваат урбанистичките параметри зададени со важечкиот ДУП. Од страната која граничи со вашите катастарски парцели се поместува само границата на градежната парцела притоа почитувајќи ја сопственоста на имателите на катастарските парцели, а со цел ненавлегување на сопственоста од една во друга градежна парцела. Целта е да се овозможи непречена реализација на градбите во иднина, а почитувајќи ја сопственоста на имателите.

Доколку имате приговор Ве молиме да се произнесете во рок од 5 дена од денот на објавата

**За Комисија за урбанизам**
**на општина Охрид**